МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КЛИНИЧКА И СОВЕТОДАВНА ПСИХОЛОГИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ПОВРЗАНОСТА НА РОДИТЕЛСКИТЕ СТИЛОВИ НА ВОСПИТУВАЊЕ И СЕБЕПОЧИТУВАЊЕТО КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИ НА ВОЗРАСТ ОД 14 ДО 18 ГОДИНИ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ

СТУДЕНТ: **ФРОСИНА КАРАНФИЛОВСКА**
БРОЈ НА ИНДЕКС: **М213008**
МЕНТОР: **ПРОФ. Д-Р СЛАЃАНА АНЃЕЛКОСКА**

Свети Николе, 2023

СОДРЖИНА

Резиме.....4

Вовед.....6

I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСПАП КОН ПРОБЛЕМОТ.....8

1.1.1 Воспитни стилови на родителите.....8

1.2.1 Дефинирање на себепочитувањето.....19

1.2.2 Развој на себепочитувањето.....24

1.2.3 Стабилност на себепочитувањето..... 27

1.3.1 Карактеристики на период на адолесценција.....29

1.3.2 Родителство во семејство со адолесцент.....34

1.3.3 Родителски воспитни стилови и адолесценција.....37

1.4.1 Модел на себепочитување во период на адолесценција.....41

1.4.2 Себепочитување и семејни односи.....45

1.4.3 Себепочитување и врснички односи.....46

1.4.4 Себепочитување и училишен успех.....48

1.5.1 Полови разлики во себепочитувањето.....49

1.6.1 Релевантни истражувања на проблемот.....53

II.МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ.....60

2.1.1.Проблем на истражување.....60

2.2.1 Научна цел на истражување.....61

2.2.2 Практична цел на истражување.....61

2.3.1 Задачи на истражување.....61

2.4.1 Предмет на истражување.....61
2.4.2 Дефинирање на клучни поими.....62

2.5.1 Хипотези.....63
2.5.2 Општа хипотеза.....63
2.5.3 Посебни хипотези.....63

2.6.1 Варијабли на истражувањето.....63

2.7.1 Методи, техники и инструменти на истражувањето.....64

2.8.1 Популација и примерок.....65

2.9.1 Техники за обработка на податоци.....65

2.10.1 Организација и спроведување на истражувањето.....66

III.АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ.....67
3.1.1 Резултати.....67
ДИСКУСИЈА.....76

IV ДЕЛ ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА.....80
ПРЕПОРАКИ.....81
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....83
ПРИЛОЗИ.....86

АПСТРАКТ

Предмет на ова истражување е да се испита дали постои поврзаност на родителските стилови на воспитување и себепочитувањето кај адолесцентите на возраст од 14 до 18 години од машки и женски пол. Истражувањето е спроведено со пригоден примерок од 182 ученици од прва до четврта година, кои учат во едно средно училиште во општина Илинден. За целите на ова истражување беше користена ВС-скала за процена на воспитните стилови на родителите од страна на учениците и Купер-Смитов инвентар за процена на себепочитувањето на учениците.

Проблемот на ова истражување е проверен со квантитативна методологија, а податоците се проверени со дескриптивна анализа, корелациска анализа и споредба на аритметички средини помеѓу испитаниците со употреба на статистичка програма SPSS.

Врз основа на добиените резултати, може да се изведат бројни заклучоци, но ќе ги издвоиме следните:

- Од добиените резултати може да се види дека кај испитаниците најзастапен воспитен стил и за мајката и за таткото е топлото воспитување, а потоа попустливо воспитување, додека кај двајцата родители најмалку застапен воспитен стил е ограничувачкото воспитување, па на крај ладното воспитување.

- Според добиените резултати, може да се заклучи дека воспитниот стил топло воспитување позитивно корелира со себепочитувањето на адолесцентите, општиот однос кон себе негативно корелира со воспитниот стил ладно воспитување, но нема статистички значајна поврзаност и со попустливо и ограничувачко воспитување.

- Во ова истражување, според добиените резултати, е согледано дека помеѓу испитаниците од машки и женски пол не постојат разлики во однос на себепочитувањето, без оглед на родителиските стилови, но постојат разлики во себепочитувањето со возраста на адолесцентите.

Клучни зборови: родителски стилови на воспитување, топло воспитување, ладно воспитување, попустливо воспитување, ограничувачко воспитување, себепочитување

Summary

The subject of this research is to investigate whether there is a connection between parenting styles and self-esteem among adolescents aged 14 to 18, male and female. The research was conducted with a convenient sample of 182 students from the first to the fourth year from a high school from the municipality of Ilinden. For the purposes of this research, the WS-scale was used to assess the educational styles of the parents by the students and the Cooper-Smith inventory was used to assess the self-esteem of the students.

The problem of this research is checked with quantitative methodology, and the data checked with descriptive analysis, correlation analysis and comparison of arithmetic means between respondents using SPSS statistical program.

Based on the obtained results, numerous conclusions can be drawn, but we will single out the following:

- From the obtained results, it can be seen that among the respondents, the most common parenting style for both the mother and the father is warm parenting, followed by permissive parenting, while the least represented parenting style for both parents is restrictive parenting and finally cold parenting.

- According to the obtained results, it can be concluded that the warm upbringing style positively correlates with the self-esteem of adolescents, the general attitude towards oneself negatively correlates with the cold upbringing style, but there is no statistically significant connection with permissive and restrictive upbringing.

- In this research, the results were obtained, that is, between male and female respondents, there are no differences in terms of self-esteem, regardless of parenting styles, but there are differences in self-esteem with the age of adolescents.

Keywords: parenting styles, warm parenting, cold parenting, permissive parenting, restrictive parenting, self-esteem

ВОВЕД

Според J. Berger, „семејството е училиште на животот во кое главни наставни средства се демонстрации во животот, а наставници се родителите со кои децата комуницираат на сите начини, вербално, невербално, симболично, апстрактно, низ примери и приказни, при што тие ликови длабоко остануваат врежани во меморијата на сите членови од семејството“.

Согласно Законот за семејство (член 2 став 1) во Република Северна Македонија, пречистен текст 2021 година, тоа е животна заедница на родители и деца и други роднини, доколку живеат во зедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување. Односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца.

Семејството е основната клетка во која човековата единка го започнува својот живот и развој од самото раѓање. Семејството како прва и основна средина во која расте и се развива една личност има најголема и најпресудна улога во воспитувањето. Затоа, денес сè повеќе се актуализира поврзаноста на семејството со социјалниот развој на децата и младите.

Речиси сите позитивни или негативни страни на однесувањето, свесни или несвесни, им се припишуваат на семејството и семејните односи, посебно на односот родител – дете. Квалитетните односи во семејството и грижата за децата се неопходни за навремено препознавање и спречување на нарушено однесување на децата. За жал, денес сè повеќе има дисхармонични семејства кои создаваат услови за развивање на воспитна запуштеност на млади и несреќни лица кои се незадоволни од својот живот. Во семејството се задоволуваат најелементарните потреби важни за биолошкиот опстанок на детето, како што се: потребата за храна, сон, хигиена, нежност и социјални контакти. Родителите имаат огромна улога и во стекнување на знаења, вештини, карактеристики, вредности, ставови и слично. Детето преку комуникацијата со своите родители учи да зборува, да ги покажува чувствата, да ги искажува мислите, да игра, да црта, да учи, да создава пријателства, да се доживува себе си на одреден начин.

Истражувањето ќе оди во насока да се испита поврзаноста помеѓу воспитните стилови на родителите како битен фактор и модел во процесот на воспитување на децата со себепочитувањето кое е битен предуслов за способноста за решавање на животните задачи и успешност во нивното решавање.

Резултатите од истражувањето можат да бидат корисни како емпириски придонес во научно-теориското дефинирање на поимите воспитни стилови и себепочитување, како и за поегзактно утврдување на влијанието на разни воспитни стилови на родителите кои влијаат врз определувањето на емоционално-вредносната димензија на сликата за себе, односно врз себепочитувањето во период на адолесценција.

Важноста на резултатите од ова истражување е и во насочување на размислувањата како во воспитувањето на младата личност да се обезбедуваат што повеќе ментално-хигиенски и други развојни услови за негување и поттикнување на позитивна слика за себе, повисоко себепочитување, имајќи притоа на ум дека од нив се условени бројни психички феномени: чувството на среќа, готовноста за активност и ангажирање, животните цели и планови, аспирациите, совеста, она што се нарекува животен скрипт и слично.

I.ТЕОРЕТСКИ ПРИСПАП КОН ПРОБЛЕМОТ

1.1.1 Воспитни стилови на родителите

Родителството е комплексна улога која подразбира примена на многу постапки за воспитување кои доаѓаат до израз во однесувањето на родителите спрема детето. Тој спектар од родителски постапки и општата емоционална атмосфера во која расте детето влијаат врз развојот на личноста и формирање на идентитетот на детето.

Под воспитен стил на родителот во литературата се подразбираат релативно доследните начини на однесување на родителите со кои воспоставуваат целокупен однос со децата.

Прифатено е гледиштето дека воспитните стилови се формираат многу рано и дека станува збор за двонасочен процес; детето го усвојува како модел родителското однесување, а реакцијата на детето родителот ја доживува како (позитивно или негативно) поткрепување за своите воспитни постапки.

Кенер (Kanner, 1935, според Todorović, 2005) ја дал првата поделба на родителските ставови во односот кон детето. Тој во својата класификација ги издвоил следниве родителски ставови: прифаќање и љубов, јавно отфрлање, преголема грижа и преголеми барања.

Според Олга Мурџева - Шкариќ (2004), родителските стилови се разликуваат во однос на две основи димензии: 1. дали интеракцијата е со љубов или е спротивна на ова — со непријателство и 2. дали се тие попустливи родители или се со авторитарна контрола.

Според тоа, се издвојуваат неколку стилови во потенцирање на родителството како воспитен фактор и тоа:

Авторитарните родители (авторитарен-диктаторски стил), кои се засноваат врз моќта, ја вреднуваат послушноста како доблест и предност им даваат на мерките на казнување и на силата за да ги потиснат иницијативите кај децата. Има многу дисциплина и барања, а малку љубов и комуникација. Детето се држи подредено и со

ограничена автономија, а не се стимулира ни вербална размена, родителите можат да бидат многу загрижени и да се постават заштитнички кон децата или да ги занемаруваат.

Попустливите родители (попустлив стил) се однесуваат афирмативно, ги следат и се благи кон детските имплуси и поведенија. На децата им даваат нежност, но имаат малку барања, малку дисциплина и малку комуникација. Себе си се гледаат како извор за детето, но не како активен и одговорен фактор за моделирање на неговите идни поведенија. Тие ги сакаат децата и ги заштитуваат но, им даваат слобода што им овозможува да немаат одговорност за детскиот развој.

Компетентните родители или родителите со авторитет (демократски стил) ги насочуваат детските активности на рационален и целисходен начин. Односите се засноваат на реципрочност: родителите имаат високи барања од детето и висока дисциплина, но исто така имаат и голема љубов и прифаќање на детето. Родителите даваат добро одмерена доза на љубов, барајќи дисциплина и комуникација. Го охрабруваат разговорот и размената на мислења, а ако детето одбива, ја почитуваат неговата одлука. Се вреднува автономната желба, но и се контролира поведението според прифатливи стандарди. Се препознаваат индивидуалните детски интереси и стилови, но се држат до стандардните правила прифатени од возрасните кои децата треба и да ги усвојат. Овие родители се топли, постојани и разумни. Детето може да го предвиди нивното однесување кон него и знае што се очекува од него бидејќи тоа му се објаснува на достапен начин. Позитивното поткрепување е поефикасно за учење на пожелните поведенија и е почесто користено од овие родители.

Незаинтересирани родители се оние кои се индиферентни, невнимателни и безгрижни во дисциплинирањето на децата или споделувањето на нежност со нив. Тие не се вклучуваат во родителството, туку се насочени кон својот комфор и други активности кои ним им се значајни.

Воспитниот стил опфаќа два елементи на родителство: прифаќање и контрола на детето. Прифаќањето се препознава во емоционалната топлина и поддршката која родителот ја дава на детето, во активното вклучување во детските активности, препознавање на детските потреби и адекватно задоволување на истите. Контролата на однесувањето се однесува на задачите кои родителот ги поставува на детето, како и на контролата на импулсите на детето, со намера детето добро да се интегрира во семејството и во поширокатa општествена заедница (според Crnjaković B., Stojiljković S, Todorović J., 2008).

Во обид да се анализираат разните воспитни постапки кои родителите ги применуваат во социјализацијата на децата, најчесто се резултирало со издвојување на две основни димензии на воспитување: афективна и контролна (Woolfolk, 2007; Baumrind, 1991; Vasta, Haith&Miller, 2005; Genc,1988, Scheafer, 1959, според Kodzopeljic,2009). Афективната димензија го покажува емоционалниот однос на родителот спрема детето. Таа се однесува на степенот до кој родителот отворено ги искажува позитивните и негативните емоции спрема детето и неговите постапки, на степенот на сензитивност за потребите на детето и емоционалните состојби, на количината на поддршка и љубов која родителот ја дава, наспроти отфрлување, емоционална дистанца и непријателство. Во зависност од тоа дали постапките повеќе се во прилог на прифаќање или одбивање, родителските постапки може да бидат сместени на некоја точка на континуумот помеѓу двата краја - „топло воспитување“ наспроти „ладно воспитување“. Димензијата контрола покажува допуштена слобода на детето, поставување правила за однесување и ограничување. Таа се однесува на степенот на надзор кои родителите го прават врз детето, на количината на правила со кои го регулираат однесувањето на детето, како и на видот и интензитетот на поткрепувања и казни кои се применуваат во воспитувањето. Мал степен на дозволена физичка и

психичка слобода на детето, следена со поставување на голем број правила кои стриктно го регулираат неговото однесување, карактеристичен е за полот „ограничувачко воспитување“, а на другиот крај на оваа димензија е „попустливо воспитување“, кое се одликува со мал степен на контрола над однесувањето на детето, со флексибилни и/или слабо дефинирани правила (Kodzopeljic, 2009).

Комбинацијата на двете димензии дава четири воспитни стила на родителство. По моделот на Баумриндов (Baumrindov, 1991 според Kodzopeljic, 2009), со оглед на степенот на изразеност на контрола, односно топлина, се разликуваат авторитативни, авторитарни, попустливи и рамнодушни стилови на родителство. По другите модели (Genc, 1988 според Kodzopeljic, 2009) со комбинацијата на двете димензии може да се добијат топло-попустливи, топло-ограничувачки, ладно-попустливи и ладно-ограничувачки воспитни стилови.

Со сведување на воспитните силови само на два негови аспекти може да се упати замерка дека тоа претставува симплификација на овој комплексен феномен. Истражувањата покажуваат дека овие две димензии имаат посебно значење на развојот на детето (Maccoby & Martin, 1983, MacDonolad, 1992, според Kodzopeljic, 2009). Воспитните димензии и воспитните стилови кои настануваат со комбинација се поврзани со развојот на различни особини на личноста (Genc, 1988; Genc i Kodzopelic, 2009). Бројни се истражувањата кои покажуваат дека покрај богатството од семејни когнитивни стимулации, важни детерминанти на училишниот успех и развој на академски вештини на различни нивоа на образование се всушност опишаните димензии на воспитување. Така, Берлин и соработниците (Berlin и сор., 1995 според Kodzopeljic, 2009) наоѓаат дека родителската топлина е поврзана со јазичен развој и усвојување на писменоста на предшколска возраст, но и со подоцнежните училишни постигнувања. Некои истражувања сугерираат дека изразената родителска контрола создава поттикнувачки контекст за развивање на писменоста. Влијанието на начинот на кој родителите го контролираат однесувањето на детето во совладување на писменоста се остварува посредно преку воспоставување на саморегулирачко однесување (на пример, кооперативност, независност и одговорност) кое придонесува за подготовка на децата за

настава за описменување на почетокот на образованието (Morrison & Cooney, 2002 според Kodzopeljic, 2009).

Родителското прифаќање и отфрлање заедно формираат „топла“ димензија на воспитниот пристап, која е конструирана како биполарна димензија. На едниот пол се наоѓа родителско прифаќање, кое се однесува на топлина, наклонетост, грижа, поддршка или љубов која детето може да ја доживее во однос на своите родители или старатели. На другиот пол е отфрлање и отсутност на родителска топлина и емоционалност, кое може да биде перципирано како која било комбинација на четири основна изрази на отфрлање: како родителска физичка или вербална хостилност, индиферентност или занемарување и недиференцирано родителско отфрлање. Најголем број истражувања укажуваат на тоа дека непотполните семејства и разводот на родителите значајно го зголемуваат ризикот кај децата да се јават емоционални и бихевиорални проблеми (Čudina–Obradović, M., Obradović, J. 2006, според Krajovan, 2016).

Запознавањето со семејните односи и вредности ни помага да ги објасниме и предвидиме резултатите од воспитните активности што се одвиваат во семејството. До одреден степен ни овозможуваат и да се дејствува со некој друг фактор во воспитувањето, на пример, училиштето, каде ќе се надополнат или надоместат недостатоците во воспитно-образовните активности на семејството.

Педагошките и психолошките услови се значително одредени од општите социјални и економски можности на семејството. Тие инкорпорираат бројни и сложени односи во семејството, како што се: положбата на таткото и мајката, нивната меѓусебна комуникација, односите со децата и слично. Споменатите состојби се јавуваат и се развиваат во зависност од конкретни материјални и други фактори, ја формираат основата на севкупните семејни состојби и ја одредуваат глобалната состојба во семејството. Се изразуваат во силни емотивни семејни односи, односно во нивната емпатија. Реалните, автентични педагошко-психолошки состојби, во зависност од тоа како се „поставени“, можат да ги збогатат сите аспекти на семејниот живот и честопати можат да надоместат за неповолните или помалку поволните општествено-економски услови. Исполнетиот и успешен семеен живот не бара секогаш само поволни социо-

економски фактори, туку и топлина, педагошко-психолошка функционалност и здрави односи меѓу родителите и децата, засновани на заемна доверба и љубов. Создавањето соодветни образовни услови во современото семејство е тешка задача за сите научни дисциплини кои ги имаат родителите и нивните деца. Родителите се многу ограничени од недоволната социјална грижа и разбирање на важноста на семејството, разбирањето на улогите на таткото и мајката во процесот на воспитување на децата, остатоците од конзервативизмот, патријархалниот систем на вредности и она што е многу важно во процесот на развој и едукација на детската личност. Решавањето на овие прашања постепено би ја подобрило атмосферата на семејниот живот, односно неговите образовни услови, од кои пресудно зависи натамошниот развој на детето. Семејството има значајни воспитни задачи кои можат успешно да се реализираат доколку, меѓу другото, постои ментална и морална зрелост на родителите и нивна подготовка, како и одредена способност за справување со воспитно-образовниот процес. Со еден збор, идеална семејна атмосфера за здрав развој на детето не е онаа во која нема проблеми и конфликти (бидејќи такво семејство не постои), туку онаа во која односите меѓу членовите се засноваат на заемна наклонетост, доверба и соработка, која овозможува решавање на проблемите, а конфликтите се надминуваат (Vilotijević, N., Kačapor, S. 2005).

Помеѓу родителите и детето, како и меѓу самите родители, во новата семејна заедница доаѓаат до израз четири различни типови на односи (Kapor-Stanulović, N., 1985):

• односот мајка - татко (оваа врска е предуслов за атмосферата во семејството и другите односи);

• однос мајка - дете;

• однос татко - дете и

• односот мајка - татко - дете.

Родителите ги сакаат своите деца токму затоа што се нивни, а не туѓи. Првата љубов дадена на детето е безусловна. Токму таа безусловна љубов е важна за

подоцнежниот развој на детето, бидејќи таа е основата на она што се нарекува основно чувство на лична вредност.

Ретки се семејните средини во кои детето се негува, расте, се образува и учи, без родителите повремено, всушност, некои почесто, а некои многу поретко, да ја покажуваат својата строгост кон детето. Некои родители ја изразуваат строгоста без разлика на возраста, преференциите, способностите и можностите на детето, а честопати и без вистинска потреба. Но, не е претерано и погубно за детето доколку оваа повремена строгост се одвива во рамките на некои педагошки прифатливи норми, затоа што „строгоста не ја исклучува нежноста, љубезноста и почитувањето на индивидуалноста и достоинството на личноста, и обратно – љубезноста никогаш не исклучува одредени барања на намерна строгост“ (Stanojlović, D. B., 2001).

Затоа, да се биде строг родител кон детето само во одредени животни и работни ситуации е неопходно зло, кое тешко може да се избегне, но да се биде премногу строг, како и често да се биде строг родител кон децата, е целосно неприфатливо за развојот на децата, воспитувањето и учењето, дури и во некои ситуации е многу катастрофално.

Не постои консензус меѓу авторите во однос на видот и бројот на фактори кои се неопходни за опис на однесувањето на родителите, па затоа денес не постои општоприфатена типологија (Bodroški, B. 2009). Стилот на родителство вклучува два елементи на родителство: прифаќање (топлина, поддршка) и контрола (поставување барања) (Džons, D., 2009). Прифаќањето подразбира родителски напор да го развие детето во зрела, самосвесна, ненаметлива личност, да му пружи поддршка, активно да учествува во неговите активности, да ги препознава неговите потреби и барања и соодветно да одговара на нив. Контролата (побарувачката) се однесува на задачите што родителите им ги поставуваат на децата со цел да ги интегрираат во семејството и општеството (Baumrind, D. 1966).

Воспитниот стил се однесува на проценката на детето за родителското однесување, со кое родителите ги постигнуваат своите воспитни цели, без, пред сè, да го нарушат емотивниот однос со детето. Тоа е процес кој произлегува од основното чувство на прифаќање и љубов, или отфрлање и условна љубов (Piorkovska-Petrović K.1991). Прифаќањето се рефлектира во емоционалната топлина и поддршката што родителот му ја дава на детето, во активно вклучување во активностите на детето,

препознавање на потребите на детето и соодветно нивно задоволување. Контролата на однесувањето се однесува на задачите што родителот ги поставува пред детето, како и на контролата на детските импулси, со цел детето добро да се интегрира во семејството и поширокаta општествена заедница (Baumrind, D., 1991).

Татковците и мајките се разликуваат не само по својот темперамент и карактер, по животното и работното искуство и по степенот на образование, туку и по нивната работна култура и однесување, па дури и по ставовите, верувањата и вредносните ориентации. „Има толку големи разлики во ова, така што честопати се случува сопружниците, родители на истото дете, да имаат сосема различни ставови за воспитувањето, што детето треба и што не треба да му се дозволи, што може или мора да се бара од него“ (Prodanović Lj., 2000). Премногу строгите родители поставуваат многу сложени и многу тешки барања пред децата, кои поради своите можности, способности и склоности честопати не можат да ги исполнат. Сè што бараат од децата мора да се исполни без прашање и на начин на кој тие бараат и поставуваат. Затоа, се губи предвид фактот дека можеби некои од барањата и задачите можат да се реализираат и различно да се решат на поефикасен и поквалитетен начин.

Согласно Законот за средно образование, член 58-а, училишниот психолог треба да реализира Советување на родители согласно Програмата за советување на родители. Во програмата за советување на родители на втората средба е потребно да се презентираат следните стилови на родителство и нивните ефекти:

АВТОРИТАРНО РОДИТЕЛСТВО	ЕФЕКТИ
Авторитарните родители: • бараат од децата слепо следење на правилата што ги поставуваат, без образложение; • прекршувањето на правилата го	Децата на овие родители: • се послушни и исполнителни, но несреќни; • несигурни се и имаат ниско себепочитување;

казнуваат, често и физички; • наметнуваат многу барања и строга дисциплина, а даваат малку љубов и не комуницираат отворено; • покажуваат крутост и не даваат можност за избор и слобода на изразување; • ја обесхрабруваат независноста и индивидуалноста.	• лесно се вознемируваат и често се однесуваат агресивно; • може да пројават склоност кон ризично однесување; • претежно воспоставуваат површни односи со врсниците; • потешко се адаптираат во сицијалната средина.

ПОПУСТЛИВО РОДИТЕЛСТВО	ЕФЕКТИ
Попустливите родители: • не поставуваат јасни правила на однесување; • малку се ангажирани во воспитување и подучување на своите деца; • не ги поттикнуваат и не ги насочуваат децата кон зрело и одговорно однесување; • не комуницираат оптимално со	Децата на овие родители: • емоционално подоцна созреваат; • не се доволно одговорни; • имаат ниско себепочитување; • имаат низок праг на толеранција на фрустрација и низок степен на контрола на импулсите и потребите; • може да пројават склоност кон агресивно и/или ризично

децата; • одбегнуваат да преземаат одговорност во обликувањето на однесувањето на децата; • се обидуваат да ги исполнат сите желби на децата и им дозволуваат да прават што сакаат, кога сакаат и како сакаат; • градат повеќе пријателски отколку родителски однос со децатаа, т.е. немаат родителски авторитет	однесување; • настојчиви се во барањето начини на привлекување внимание кон себе, при што може да ги прекршуваат правилата и законот; • имаат проблеми со авторитети и постигнуваат слаби резултати во училиште; • лесно се впуштаат во обвинување други за сопствените тешкотии и неуспеси.

НЕЗАИНТЕРЕСИРАНО РОДИТЕЛСТВО	ЕФЕКТИ
Незаинтересираните родители: • насочени се кон задоволување на сопствените потреби; • малку комуницираат со децата; • неодговорни се, ги отфрлаат или ги занемаруваат децата; • имаат многу ниски барања и очекувања од децата и ги	Децата на овие родители: • недоволно се самостојни и имаат низок степен на самоконтрола; • несигурни се и имаат ниска самодоверба; • недоволно се вешти во социјалните односи; • огорчени се на своите родители и

задоволуваат само нивните основни потреби; • не споделуваат нежност; • минимално се вклучени во животот на децата (на пример, многу ретко го прашуваат своето дете како му поминал денот во училиште, кои му се пријатели, дали има некаков проблем и сл.)	во многу случаи се отуѓуваат од нив во младоста; • осамени се, исплашени и анксиозни; • малку се заинтересериани за училишните обврски; • во адолесценцијата често манифестираат антисоцијално однесување (на пример, се оддаваат на проституција, консумираат алкохол, наркотични средства и сл.)

ДЕМОКРАТСКО РОДИТЕЛСТВО	ЕФЕКТИ
Демократските родители: • им поставуваат на децата јасни правила и соодветни барања; • ги разбираат, ги поддржуваат децата и не се наметнуваат; • отворени се за комуникација, поттикнуваат размена на мислења и искуства; • грижливи се и постојани во постапките и во однесувањето;	Децата на овие родители се: • одговорни; • независни; • имаат повисока самодоверба и себепочитување; • имаат добра самоконтрола; • среќни се и успешни; • подготвени за соработка и

• ги вклучуваат децата во донесувањето на дел од семејните одлуки; • поттикнуваат независност и индивидуалност, но и придржување до прифатените правила; • користат позитивно поткрепување за учење пожелно однесување.	помагање; • имаат високи училишни постигнувања; • подобро се адаптираат во социјалната средина (на пример, имаат поквалитетни односи со врсниците и со наставниците).

Извор: Службен весник на Р.Македонија, бр.4/2012

1.2.1 Дефинирање на себепочитувањето

Самопочитта е психолошки термин, со други зборови, конструкт. Нејзиното име алудира на значењето на поимот што би го разбрал речиси секој човек кој нема врска со психологијата. Сепак, терминот има многу подлабоко значење и влијае на многу секојдневни аспекти од животот. Многумина психолози ги претставиле своите сопствени визии за дефиниција на самопочитта, но сите тие во суштина се исти.

Првите чекори кон разгледување на самопочитта биле направени во Античка Грција. Аристотел ја увидел важноста на „љубовта спрема себе“ која денес се поврзува со самодовербата и т.н. концепт „себе“ . Аристотел не прави разлика меѓу „љубовта спрема себе“ и односите меѓу нас како индивидуи и други поединци на пријателско ниво. Неговата етика нагласува дека љубовта кон себе и пријателите е основата за добар живот (Annas, 1989). Задоволство со сопствениот живот, е исто така важна врска на самодовербата. Vasconcellos (1990) нуди дефиниција во која самопочитта е ценење на сопствената вредност и важност и поседување карактеристики за лична одговорност за себе и одговорно однесување кон другите.

Значи, оваа дефиниција се фокусира на нашиот внатрешен однос како поединец и на односот помеѓу поединецот и другите луѓе. Врската со себе вклучува прифаќање на себеси, поставување реални цели и чувство на доверба и самопростување. Односот со другите луѓе вклучува прифаќање на вредностите на секое човечко суштество и покажување почит, прифаќање и поддршка. Kernis (2003) го дефинира себепочитувањето како психолошки конструкт кој се однесува на начинот како луѓето се чувствуваат кон себе, што ги одразува и влијае на нивните моментални односи со околината и луѓето кои ги среќаваат во него. Тој ја гледа самодовербата како дводимензионална во однос на емоциите кои се јавуваат, а тоа се чувството на добра личност и чувството на лоша личност. Jhangiani i Tarry (2014) веруваат дека себепочитувањето се однесува на позитивни (високо себепочитување) или негативни (ниско себепочитување) чувства што ги имаме за себе. Ова значи дека самодовербата расте со чувство за вредност и позитивни емоции и обратно.

Себепочитувањето како конструкт во психологијата го вовел Wiliam James во 1890 година, опишувајќи го како евалуативен аспект на селф-концептот. Селф-концептот се однесува на искуствата и идеите кои поединецот ги има сам за себе, вклучувајќи ги сите аспекти од животот.

Современите истражувања наоѓаат дека селф-концептот не е вроден, туку се учи и развива во текот на животот. (Lacković-Grgin, 1994). Себепочитувањето, пак, во популарната литература од подрачјето на психологијата, често се спомнува како показател на менталното здравје, адаптација на поединецот и на зрелата личност. (Jelić, 2012).

Harter (1999) себепочитувањето го дефинира како свест за сопствената вредност, односно како евалуативен став кој луѓето го имаат сами за себе, кој според Rosenberg (1965), може да биде позитивен или негативен.

Rosenberg е еден од најзначајните автори на раните емпириски истражувања на тема себепочитување. Неговата скала за себепочитување била стандард за проценка на истото и се користела во четвртина од истражувањата работени до 1990 година на тема себепочитување (Tafarodi i Swann, 1995). Според него, социјалните услови и

субјективните искуства влијаат на намалување или на пораст на себепочитувањето. Така, на пример, количината на вниманието кое родителите го насочуваат спрема своите деца и интересот кој го покажуваат спрема нив, во значајна мера корелираат со себепочитувањето на детето.

Coopersmith (1967) утврдил дека поедниците со повисоко себепочитување воедно се покреативни, асертивни и многу малку зависат од другите. Исто така, поединците со високо себепочитување се пофлексибилни и способни за решавање на проблеми на оригинален начин, за разлика од поединците со ниско себепочитување. Докажано е дека високото себепочитување може да ја предвиди ориентацијата спрема целта и самоефикасноста кај студентите (Ang и сор., 2006)

Различните манифестации во однесувањето кај поединецот, се поврзани со субјективната проценка на себепочитувањето (Bezinović, 1988).

Личностите со ниско себепочитување тешко решаваат препреки, не веруваат во сопствените способности, што може да биде пропратено со низа негативни последици, како што се: депресивност, анксиозност или пореметување во исхраната (Dacey i Kenny, 1994).

Ниското себепочитување значајно е поврзано со поголема употреба на стратегии за избегнување и емоционална реактивност (Ambrosi-Randić, 2019). Чувството за себепочитување се јавува околи третата година од животот на детето. Клучна улога во развојот на себепочитувањето имаат родителите и непосредната социјална околина. Начинот на кој родителите се однесуваат спрема детето, придонесува за развој на неговото себепочитување. Однос кој е топол, грижлив, каде родителот покажува љубов, разбирање и поддршка на детето и е доследен и праведен, како последица има интернализирање на позитивна слика за себе и чувство на компететност (Harter, 1999). Во самоописите, помлади испитаници користат конкретни (телесни атрибути), а нешто постари испитаници апстрактни (психолошки) атрибути (Lacković-Grgin, 1994).

Теоријата наоѓа дека луѓето се генерално мотивирани за одржување и зајакнување на себепочитувањето (Jones, 1973; Kaplan, 1975). Авторите Trzesniewski, Donnellan i Robins (2003), во своето истражување укажале на значајна стабилност на

себепочитувањето низ времето. Утврдиле постоење на тренд за развој на себепочитување кое е ниско во детството, во адолесценцијата се зголемува и повторно се намалува во зрелата доба.

Според најголемиот дел дефиниции за стабилноста на себепочитувањето, тоа може да се подели во две категории: себепочитување како црта на личноста (eng. trait self-esteem) и себепочитување како состојба (eng. state self-esteem).

Ако се зборува за просечно ниво на себепочитувањето како особина на личноста, тоа може да се опише како ниво на себепочитување кое поединецот го има низ различни ситуациски и временски период.

Себепочитување како состојба може да се опише како неизбежна промена на себепочитувањето на поединецот која е присутна и се случува секојдневно, зависно од ситуациските околности (Leary, Tambor, Terdal i Downs, 1995).

Heatherton i Polivy (1991) наведуваат на поделба на себепочитувањето на социјално, поврзано со перформансите и себепочитување поврзано со изгледот. Социјалното е субјективно, а се однесува на перцепцијата на поединецот за тоа како другите го доживуваат. Личноста со високо социјално себепочитување верува дека е ценета и почитувана од страна на блиските личности. Себепочитувањето поврзано со перформансите се однесува на верувањето на поединецот за сопствените способности, а помеѓу другото, вклучува и интелектуални способности, ефикасност и академски успех.

На крај, себепочитувањето поврзано со изглед е насочено на мислењето на поединецот за сопствениот изглед, и вклучува слика за сопственото тело, атлетски способности, привлечност и чувство поврзано за раса и етникум. Себепочитувањето е субјективно чувство за проценка на вредноста на сопствениот изглед, особина, однесување и постигнување кое се манифестира во вид на општо вреднување на сликата за себе. Тоа е мултидимензионален концепт кој се темели на севкупното себепоимање или селф-концепт и дава одговор на прашањето: Колку ја сакам и ја почитувам личноста која мислам дека сум? Бројни автори терминот селф-концепт го употребуваат за дескриптивна, а терминот себепочитување за евалуативен аспект за себе, иако не е позната разликата помеѓу дескриптивно и евалуативно себепочитување затоа што не е

објаснето ниту концептуално ниту емпириски (Rosenberg, 1965). Себепочитувањето е хиерархиски обликуван конструкт составен од повеќе компоненти и може да се набљудува глобално или специфично. Хиерархиските модели претпоставуваат дека себепочитувањето се состои од повеќе нивоа: глобално кое е највеќе надредено, а специфичните подрачја придонесуваат за глобалното себепочитување (Rosenberg и сор., 1995; Schwinger и сор., 2017).

Глобалното (општо) себепочитување се однесува на целовитата проценка на сопствената вредност на поединецот. Темелот на проценката на сопствената вредност произлегува од специфичните подрачја на општото себепочитување, а тоа се академско, социјално, емоционално и телесно себепочитување.

Маслов сметал дека самопочитувањето е еден од основните развојни мотиви на индивидуата. Потребата за самопочитување, според него, значела дека поединецот сака себеси да се гледа како вреден и способен да се носи со животните задачи и потешкотии и успешно да ги решава. Оттука произлегува желбата на поединецот да биде компетентен, јак, успешен, слободен и независен од другите. Маслов и Роџерс сметале дека најздраво себепочитување е тоа кое се заснова на почитување од страна на другите луѓе и кога тоа е заслужено со работа, а не создадено на основа на статус, положба, односно на заблада од страна на другите (според Haneš, O., 2012).

Себепочитувањето (Demo i Savin-Williams, 1992, според Такашманова, С., 1997) претставува глобално судење на личноста за сопствената вредност. Тие го сфаќаат себепочитувањето како резултат на себевреднувањето, поточно самопочитувањето е израз на емоционалните реакции на личноста директно врзани за таквата евалуација. Во таа смисла, би можело да се каже дека себеоценатa претставува поширок поим, поглобален емоционално-вредносен конструкт на сликата за себе, кој во себе го содржи себевреднувањето и како резултат на тоа, специфичното себепочитување. Coopersmith (1990, според Такашманова, С., 1997) себепочитувањето го дефинира како процена на самиот себеси која секој поединец ја донесува и до која се придржува во своето живеење. Ваквата процена има релативно траен карактер; не е врзана за специфична ситуација, туку за пролонгирани услови на живеење и специфична социјализација. Токму затоа Coopersmith со голем број истражувања, дури и лонгитудинални, се

обидувал да ги утврди антецендентните услови за развој на одделни степени на себепочитување кај децата и младите. Себепочитувањето претставува глобална, стабилна и евалуативна диспозиција на личноста према себе си, која во одредено време и животен контекст директно го одредува однесувањето на личноста (Wylie, 1979, според Такашманова, С., 1997). Во многу истражувања, сеедно дали себепочитувањето ќе се земе како независна или зависла варијабла, е утврдено дека постои висока корелација помеѓу себепочитувањето и академската перфоманса, чувството на среќа, позитивното ментално здравје, алкохолизмот и наркоманијата, адолесцентната деликвенција и самоубиствата. И резултатите од едно наше современо истражување (Такашманова - Соколовска и сор., 1995), во кое сликата за себе била истражувана како фактор на отпорност (resilience) на личноста на различии фактори на ризик, покажале дека позитивната слика за себе, поточно повисокото самопочитување ја намалува екстерналната ориентација на личноста, ја чини личноста емоционално постабилна, ги редуцира различните стравови и депресивните расположенија. Себепочитувањето претставува знак дека личноста сака себе да се смета за вредна, способна да се бори со животните задачи и потешкотии и успешно да ги решава. Тоа е потребата за самодоверба од која извираат желбите на личноста за тоа да биде компетентна, силна, успешна, слободна, независна од другите. Повисоко себепочитување води кон повеќе оптимизам, надеж, енергичност, иницијативност, верувања во сопствената ефикасност и чувство на контрола над сопствената судбина (Такашманова, С., 1997).

Coopersmith на основа на сопствените истражувања заклучил дека луѓето себепочитувањето го темелат на четири следни критериуми: 1. значајност (степен на сакање и прифаќање од страна на значајните други); 2. компетентност (во изведување на задачите кои им се битни); 3. чувство на вредност (достигнување на морални и етички стандарди) и снаги или сили (степен на влијание на туѓ и сопствен живот). Тој клучната улога ја придава на семејната атмосфера и непосредната социјална околина.

1.2.2. Развој на себепочитувањето

Во современата психолошка литература, постои цела серија на истражувања за развојот на себепочитувањето и важноста на високото или ниското ниво на

себепочитување за адаптивното и неприлагодливото однесување на една личност. Самопочитта се создава во текот на животот и нашата перцепција за себе се менува цело време во текот на развојот. Познато е дека веднаш по раѓањето, како и во текот на првата година, детето не знае да се разликува од другите, па затоа нема развиена самосвест. Дури откако ќе го открие сопственото единство и идентитет, се појавуваат чувства кон себе, вклучително и самопочитта. Се верува дека чувството на самопочит се појавува во третата година од животот и тоа како чувство на гордост кога детето ги постигнува работите на свој начин. Ако родителот не му дозволи на детето да ја истражува околината во тој период, чувството на самопочит може да го замени чувството на срам и лутина.

Според Harter, децата стануваат способни да прават глобални проценки за себе како личност дури по осумгодишна возраст, бидејќи децата на возраст под осум години немаат развиено чувство за самопочит. Oblačić и други наведуваат дека децата од основно училиште се опишуваат себеси со наведување на нивната големина, пол и работи што ги поседуваат, додека децата од средното детство ги наведуваат нивните физички, социјални особини и интелектуална компетентност. Покрај овие специфични самоописи, во периодот на средното детство, децата почнуваат да користат поопшти самоописи, што укажува на способност за градење општа самодоверба. На крајот од детството, во раната адолесценција, човекот ги совладува формалните операции на размислување, може да размислува за себе и сè повеќе користи апстрактни концепти кога се опишува себеси. Во периодот на адолесценција се интензивира развојот на сликата за себе. На возраст од 11 до 13 години, когнитивниот развој ја зголемува свесноста за сопствените психолошки карактеристики кои содржат спротивности, но само на возраст од 14 до 16 години овие спротивности предизвикуваат внатрешен конфликт. За време на адолесценцијата, концептот на себе вклучува преземање на туѓа перспектива, т.е. способност за децентрирање, што подразбира способност да се сочувствува и да се гледа себеси како што другите го гледаат. Куперсмит смета дека најважниот период на развој на самодовербата е раното детство и квалитетот на односите со родителите и најблиската социјална средина. Во адолесцентниот период, стабилноста на самопочитта е важна токму за интегративните процеси во личноста, бидејќи сликата за себе потоа конечно се обликува и интегрира.

Друга студија од Хрватска, која опфатила поголем примерок од вкупно 940 адолесценти, покажала дека полот е значаен фактор за проценка на општото себепочитување и дека младите мажи постигнуваат значително повисоки резултати. Високото себепочитување во адолесценцијата е поврзано со позитивни односи со врсниците, додека искуството на доживување насилството од врсниците е поврзано со ниско себепочитување. Повисоките проценки на себепочитувањето се поврзани со повисоки проценки на задоволството од животот кај младите мажи и жени. Некои автори посочуваат дека сликата што ја имаат младите за себе влијае на нивните училишни постигања, образовните аспирации, социјалните односи и прифаќањето на различни општествени улоги. Повисокото ниво на себепочитување подразбира поефективни и позрели стратегии за надминување на стресот и анксиозноста кај адолесцентите, што е поддржано од резултатите од истражувањето на примерок од 119 адолесценти на возраст од 17 до 19 години, каде што е пронајдена статистички значајна негативна корелација помеѓу себепочитувањето и ситуациона и општа анксиозност.

1.4.2 Себепочитување и семејни односи

Една од најважните задачи во адолесценцијата, која е неопходно да се пренесе од детството до зрелоста, е психолошкото одвојување од родителите (Havighurst, 1951; според Lacković-Grgin, 2006). Меѓутоа, во една студија спроведена на популацијата на белградските адолесценти, било утврдено дека најзначајна развојна задача за нив е промената на искуството на автономија во однос на нивните родители и дека она што не се променило, а што е важно за нив, е тоа што имаат добри односи со родителите и нивната поддршка во текот на растењето, и дека за да имаат добар однос со родителите, добар дел би се откажало од својата автономија (Vranješević, J. 2001).

Авторот на ова истражување забележал дека самите родители ја препознаваат оваа амбивалентна врска во однесувањето на нивните адолесценти: во еден момент протестираат дека родителите ги контролираат, додека во друг момент се жалат дека се запоставени и заборавени. Сепак, може да се постави прашањето дали сите овие родители добро кореспондираат со своите улоги, т.е. дали знаат кога да вршат контрола, а кога да обезбедат топлина, за да можат да ги задоволат потребите на самиот адолесцент и на тој начин да му помогнат да ги постигнат своите развојни задачи. Наодите добиени од (Vranješević, J. 2001) ги поддржуваат следните резултати во однос на димензијата на самопочит кај адолесцентите со нивните значајни други. Освен што е под влијание на когнитивниот развој, себепочитувањето е под влијание и на реалните или замислените интеракции на младите со значајните други (Lacković-Grgin, 1994).

Розенберг (1978) го застапувал мислењето дека за двата пола, за различни класи и раси, мајката е обично најзначајната личност која се смета за „значајна друга, а потоа таткото, браќата и сестрите и пријателите. Карактеристиките на значајните други се: топли, нежни, охрабрувачки, поддржувачки и без оглед на видот на интеракцијата, тие се релевантни за развојот на самодовербата во адолесценцијата (Lacković-Grgin, 1994).

Во однос на структурата на семејството, истражувачките анализи покажале дека постои разлика помеѓу децата со и без татко во следните варијабли: страв од негативна евалуација, самоефикасност, неспособност и осаменост (Lacković-Grgin, 1994).

Во прилог на ова, податоците (Weissove, 1979, Parisha и Nunna, 1981, според Lacković-Grgin, 1994) покажале дека младите без татко се понезависни и поодговорни за

да учествуваат во акциите на преостанатото родителство. Овие размислувања ги поддржуваат наодите на Tuce i Faco (2013), кои истакнуваат дека социодемографските варијабли не се покажале значајни во предвидувањето на себепочитувањето кај која било група адолесценти, што ја поддржува тезата дека прилагодувањето на адолесцентите е поврзано со димензиите на меѓучовечките односи во семејството, а не со структурата и социо-економските карактеристики на самото семејство. Затоа и понатаму со сигурност може да се каже дека сепак најважна е безбедноста и поддршката што детето ја има во семејството за да развие позитивно себепочитување.

1.4.3 Себепочитување и врснички односи

Позитивното себепочитување води до однесување кое промовира сличност и прифаќање од врсниците (Srivastava и Beer, 2005; според Jy, 2016), создава чувство на самодоверба што служи како извор на отпор за справување со стресот во секојдневните интеракции со врсниците и како основа против штетните ефекти на стресот во животната средина (Baumeister и сор., 2003). Општо земено, младите со високо себепочитување ги оценуваат нивните односи со врсниците како поквалитативни и позначајни од оние со ниско себепочитување (Keefe и Berndt, 1996; според Jy, 2016).

Студентите со високо себепочитување се поуспешни во иницирање на меѓучовечките односи и во управување со интерперсоналните конфликти, иако нивниот став не мора да да биде ист со другите (Buhrmester, Furman, Vittenberg i Reis, 1988).

Сепак, треба да се знае дека чувството на самопочит може да доведе до чувство на супериорност над другите или до девалвација на другите. Слично на тоа, поединците со висока самодоверба се сметаат за поантагонистички и помалку пријателски расположени (Heatherton i Vohs, 2000).

Други автори сметаат дека себепочитувањето не е значајно поврзано со врсничките односи помеѓу адолесцентите (Adams, Rian, Ketsetzis i Keating, 2000).

Сепак, постојат докази за влијанието на себепочитувањето врз промените во ставовите кон стресот од врсниците предизвикани од отфрлањето. Перцепцијата на отфрлање од страна на групата силно резултира со намалено себепочитување (Blackhart,

Nelson, Knovles, Baumeister, 2009; Leari и сор., 1995), додека перцепцијата за прифаќање од страна на групата доведува до позитивна самоевалуација (Blackhart и сор., 2009).

За разлика од имплицитната каузалност, вклучена во теоријата на социометријата, не е невообичаено да се најдат луѓе кои имаат релативно негативна самодоверба и покрај поддржувачките социјални мрежи (Heatherton и Vohs, 2000). Слично на тоа, не биле пронајдени значајни разлики во себепочитувањето или менталната благосостојба во однос на социометрискиот статус (т.е. популарен, просечен, контроверзен, запоставен, отфрлен) (Zettegren, Bergman, и Vangbi, 2006). Иако отфрлањето од врсниците значително придонело за анксиозноста кај децата, тоа немаше значајно влијание врз себепочитувањето (Nesdale i Lambert, 2007).

Освен тоа, проблемите со врсниците (т.е. отфрлање, виктимизација и недостаток на реципрочни пријателства) не успеле значително да ги предвидат промените во себепочитувањето на децата (Orth, Robins, Vidaman, и Conger, 2014). Поголема грижа за стекнување поволна репутација или углед меѓу нивните врсници е поизразена кај момчињата отколку кај девојчињата (LaFontana и Cillessen, 2010).

Спротивно на ова, истражувањето на Рудолф (2002; La Fontana и Cillessen, 2010) покажало дека девојчињата посветуваат поголемо значење на меѓучовечкиот успех отколку момчињата, девојчињата се повеќе загрижени за меѓучовечките односи и негативната евалуација од врсниците и доживуваат повисоко ниво на меѓучовечки стрес од момчињата, особено во адолесцентните години. Yu B. (2016) во своето истражување открил дека себепочитувањето е позитивно поврзано со стресот од врсниците во периодот на раната и средната адолесценција, додека стресот од врсниците е негативно поврзан со себепочитувањето во раната адолесценција, а умерено поврзано во периодот на средината и доцна адолесценција.

1.4.4 Себепочитување и училишен успех

Истражувањето за самодовербата и училишните постигања оди во две насоки. Некои автори зборуваат за влијанието на училишниот успех врз себепочитувањето, а некои за себепочитувањето врз училишниот успех. Лонгитудиналните студии се

погодни за објаснување на оваа причинско-последични врска. Резултатите упатуваат во насока дека себепочитувањето кај девојчињата води до училишен успех, додека кај момчињата е обратно, т.е. училишен успех до повисоко себепочитување (Heaven и Ciarrochi, 2008; Mares, Scholte, Engels, 2010).

Kyriacou (2001) истакнал дека учениците кои од информациите за нивниот напредок (оценка) заклучуваат дека заостануваат зад своите соученици или од некој стандард на постигнување, може да се обесхрабрат, вознемират и разочараат, да се отуѓат од училиштето и да потонат во маѓепсан круг на намалување на успехот. Се покажало дека девојчињата посветуваат поголемо значење на меѓучовечкиот успех отколку момчињата, девојчињата се позагрижени за меѓучовечките односи и негативната оценка од врсниците и дека доживуваат повисоко ниво на интерперсонален стрес од момчињата, особено во адолесцентните години.

Yu, B. (2016) во своето истражување открил дека себепочитувањето е позитивно поврзано со стресот од врсниците во периодот на раната и средната адолесценција, додека стресот од врсниците е негативно поврзан со себепочитувањето во раната адолесценција, а умерено поврзано во периодот на средината и доцна адолесценција.

Се смета дека за формирање на поволно себепочитување кај учениците важна е емоционална топлина на родителите, меѓусебната доверба, автономија во однесувањето и позитивното оценување на детето од страна на родителите. Во голем број студии е утврдено дека со поттикнување на позитивното оценување значително се зголемува оценката на учениците за сопствените способности и училишно постигнување. Исто така, се покажало дека нивото на самопочитта подеднакво е важно за училишните постигнувања, како и совладувањето на соодветни знаења и вештини (Bachman & O'Malley, 1977, 1986).

Применето во воспитно-образовниот процес, тоа значи дека учениците кои имаат високо ниво на себепочитување, имаат доволно самодоверба за да си постават високи цели, бидејќи доживување на личниот успех е основа на компетентно однесување.

Наодите од истражувањето на Wattenberg и Clifford (Wattenberg & Clifford, 1964) укажуваат дека концептот на себе кај децата од предучилишна возраст е

значително посигурен предиктор за достигнувањата во читањето отколку интелигенцијата.

Во студија која опфатила 50 основци, било утврдено дека учениците кои започнале на училиште со многу поволно мислење за себе, поминуваат повеќе време на учење, за разлика од учениците со ниско себепочитување. Исто така, утврдено е дека учениците кои имале позитивно мислење за себе, го подобриле своето себепочитување по добивањето награда за напорот (Shiffer, Lynch-Sauer & Nadelman, 1977).

1.5.1 Полови разлики во себепочитувањето

Прашањето кои многу автори го поставуваат е дали постојат полови разлики кога станува збор за себепочитувањето. Спроведените истражувања се во два правца. Едниот правец е дека не постојат статистички значајни разлики помеѓу лицата од машки и женски пол, а другиот правец е дека машките имаат повисоко себепочитување од женските, независно од возраста.

Половите разлики воочливи од самото раѓање, како биолошки така и културолошки, а со тоа и вклучувањето на тие атрибути во себепочитувањето, започнуваат од самото раѓање. Децата стануваат свесни за припадноста на сопствениот пол од третата година на својот живот. Од тој период припадноста на полот е составен дел во самоописите на децата. Половите разлики од раното детство се јавуваат во текот на целиот живот на поединецот. Врз основа на многу истражувања, се доведува во прашање дали машките и женските лица имаат подобро или полошо видување за себе. Често се говори за половите разлики во себепочитувањето заради различни воспитни постапки на родителите спрема децата од различен пол. Раното вклучување на разни атрибути како компоненти на своите самоописи придонесуваат машките да се опишуваат како посилни, поцврсти и поактивни, а девојчињата како љубезни, зависни и почесни. Исто така, се истакнува дека половите разлики се пример за влијанието на социјалната средина на концептот за себе. (Music H., Mulaosmanovic, N., Kajtaz, E., 2014).

Бројни студии не пријавиле значајна разлика помеѓу мажите и жените (Abu-Saad, 1999; Harborg, 1996; Kelly, 1997; Swanson i Lease; 1990; според Swenson, 2003; Maccoby

и Jacklin, 1974; според Feingold, 1994). Сепак, многумина веруваат дека мажите имаат предност поради повеќе причини, односно дека нивното себепочитување е повисоко од она на жените. Соодветно на тоа, многу студии известуваат за значајна разлика во корист на машкиот пол, особено кога станува збор за адолесценцијата (на пример, Pipher, 1994; според; Gentile, Grabe, Dolan-Pascoe, Twenge, Wells и Maitino, 2009). Иако во периодот на рана адолесценција себепочитувањето на момчињата и девојчињата е доста слично, во текот на адолесцентните години и зрелоста тие почнуваат да се разликуваат едни од други на таков начин што кај момчињата расте чувството за позитивна самодоверба, додека кај девојчињата чувството за самопочит се намалува (Rosenfield, 1999; според McMullin и Cairney, 2004) (Primorac, M., 2014).

Може да се каже дека созревањето и социо-емоционалните промени поврзани со пубертетот ги погодуваат и момчињата и девојчињата, но физичките промени кои се појавуваат во овој период може да имаат поголемо влијание кај девојчињата отколку кај момчињата, што потоа може да има понеповолен ефект врз нивното себепочитување. (Rosenberg, 1986; prema Robins, Trzesniewski, Tracy, Gosling и Potter, 2002). За девојчињата оценките од страна на другите се поважни отколку на момчињата и тие повеќе реагираат на таквите оценки. Неповолното оценување од другите, особено од врсниците, има негативно влијание врз самодовербата на девојчињата (Schwalbe и Staples, 1991). (Primorac, M., 2014)

Затоа, девојките и жените се чувствуваат подобро кога добиваат позитивен фидбек од оценувачот, а полошо кога добиваат негативен фидбек. Ова не е случај со момчињата и мажите, тие се обидуваат да одржат чувството на самопочит дури и во случај на негативни повратни информации, што може да претставува одбранбен механизам (Cross и Madson, 1997). Разликата во нивото на себепочитување кај момчињата и девојчињата може да биде предизвикана и од различни очекувања од наставниците, семејството, врсниците и општеството воопшто (Hattie, 1992; според Watkins, Dong и Xia, 1997) (Primorac, M., 2014).

Пониското ниво на себпочитување кај девојчињата може да биде предизвикано и од контрадикторните пораки што ги добиваат за нивната улога во општеството (Heaven и Ciarochi, 2008). Можно е девојчињата психолошки и емоционално да

инвестираат повеќе во меѓучовечките односи и да се позагрижени од момчињата за негативната оценка од страна на нивните врсници (Rose i Rudolph, 2006; според Moksnes и сор., 2010). Некои истражувања (на пример, Furnham, Badmin и Sneade, 2002) покажуваат дека кај жените постои поврзаност помеѓу (не)задоволството од сопствената слика за телото и себепочитувањето, т.е. жените кои се незадоволни со сопственото тело имаат пониско ниво на самопочит, додека кај мажите не постои таква поврзаност. Затоа, пониското ниво на себепочитување кај девојчињата може да биде предизвикано и од зависноста на самопочитта од сопственото задоволство од физичкиот изглед (Primorac, M., 2014).

Кога станува збор за половите разлики во самодефинирањето, се наведува дека жените имаат поголема меѓузависност во врската, т.е. тие се повеќе фокусирани на нивните блиски односи, тие се свесни дека нечие однесување често е определено од мисли, чувства и постапки на други луѓе. Се смета дека мажите имаат поголема колективна меѓузависност, што укажува дека тие се повеќе фокусирани на припадност на поголеми групи (Aronson, Wilson, Akert, 2005).

Во адолесценцијата, поради важноста на пријателствата, расте присуството на социјални категории во самоописите. Се нагласува дека самоописите на адолесцентите стануваат понестабилни во споредба со претходниот период на развој. Вклучувањето на позитивните атрибути во сржта на концептот за себе ги турка негативните атрибути на периферијата на личноста. Позитивните атрибути ја олеснуваат егоцентричноста на адолесцентите, чувството за посебност и особеност.

Австралиските студии покажуваат дека момчињата имаат повисок самоконцепт од девојчињата на иста возраст, додека разликите кај момчињата биле значително поголеми кога станувало збор за нивната самоперцепција за физичките способности, како и во некои специфични самоперцепции.

Другото истражувањето посочува дека нема недвосмислени резултати за односот помеѓу полот и концептот за себе.

Според истражувањето на Barnes i Farrier, нема разлики кај учениите од основно училиште за самоконцептот во однос на местото на живеење (село или град), додека според Young (1998). Кога се споредуваат руралните и урбаните училишта во однос на самоконцептот, биле пронајдени мали разлики. Се покажало дека жените се

гледаат себеси потешки отколку што всушност се - овие верувања се поврзани со ниско себепочитување и незадоволство од телесната тежина (Sullivan, 2007). Анксиозноста кај жените може потенцијално да влијае на самодовербата, задоволството од телесната тежина и многу повеќе на целокупното здравје.

1.6.1 РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ

Во 1965 година Rozenberg извел истражување за самопочитувањето на 5000 адолесценти. Тој испитувал многу социјални и семејни фактори - од религија, класа, раса, до големина на семејството, редослед на раѓање, пол, потполност и непотполност на семејството, интерес на родителите за детето. Резултатите покажале дека високото себепочитување и стабилната слика за себе се поврзани со блиските односи на адолесцентите со таткото. Индиферентното однесување на родителите имало најлошо влијание на самопочитувањето. Однесувањето кое пружало поддршка кај значаен број на адолесценти било поврзано со ниско самопочитување, отколку во ограничувачки семејства. Најмногу самопочитување покажале оние испитаници чии родители давале поддршка на нивните напори врзани за постигнување. Според наведеното, се заклучува дека семејството има важна улога во формирањето на стабилна претстава за себе во адолесценцијата (Krajovan, 2016).

Високо и стабилно себепочитување се развива во одредени семејни услови, низ воспитното влијание на кое детето е изложено во семејството. Занемарувачкиот родителски стил се поврзува со најнепосакуван развоен исход кај децата. Тој стил поттикнува на здрав социјален развој. Децата на занемарувачките родители не учествуваат во социјалните интеракции, склони се на агресивно однесување спрема другите или на социјална изолација - повлеченост (Krajovan, 2016).

На осаменост на адолесцентите значајно влијание има емоционалноста на мајката (негативна поврзаност), контрола од страна на мајката и прифаќање од страна на таткото (негативна поврзаност), но не треба да се занемари ниту важноста на односот со најдобриот другар/ка за објаснување на чувството на осаменост кај адолесцентите (Шурбановска, О., 2013).

Има истражувачи кои утврдиле дека постои значајна поврзаност помеѓу родителските воспитни стилови и адолесцентските односи со врсниците. Така значаен модел за претходници на осаменоста се состои во интерпретација на три кластера, идентификувани како недостаток на интерперсонални врски, стресни случувања и карактерни и развојни варијабли. Кога е во прашање недостаток на интерперсонални

врски, тука може да се пронајдат дисхармонични интимни односи кои ги карактеризира недостаток на интимност, комуникација и разбирање. Личните и развојни варијабли вклучуваат „ладен дом“ кој е поврзан со недостаток на топлина и љубов во родителскиот дом, „периферни родители“ кои се емоционално ладни спрема детето, додека фактор на лични ограничувања представува трајно и вистинско чувство на особата дека неможе да привлече внимание на другите (Krajovan, 2016).

Авторитарните родители најмногу инсистираат на послушност од страна на детето и слепо покорување на авторитетот на возрасните. Недостасуваат грижа и топлина, а авторитарниот родител е задоволен кога детето е мирно, тивко и послушно. Притоа не приметува несигурност која често се развива, како и срамежливост, па дури и осаменост. Генерално се смета дека е најдобар авторитарниот стил на воспитување, затоа што резултатите одат во прилог на подобра прилагоденсот на младите во семејството каде се негува таков пристап. Таквите родители настојуваат да го насочат однесувањето во прилог на подобра прилагодливост на младите во семејствата каде се негува таков пристап. Таквите родители настојуваат да го насочат своето однесување во корисни активности, за сите теми отворено се разговара, кај детето се поттикнува критичко мислење. Тоа помага во развој на детската сигурност, самодоверба и самопочитување, и се намалуваат шансите за појава на срамежливост (Krajovan, 2016).

Истражувањата на (Todorovic, 2005) за поврзаноста на воспитните стилови и самопочитувањето кај адолесцентите покажале дека нестабилни самопроценки најчесто настануваат кај семејства каде се негува претерана контрола во воспитувањето. Таканаречениот претерано заштитнички стил, чии најважни обележја се контрола и надзор на однесувањето, како и истакнување на високи барања во однос на детето, посебно во поглед на училишниот успех, придонесува за развој на висок JAC-идеал, но поттикнуваат и несигурност и непристоен однос кон себе и другите, па и кон сопствените вредности и цели.

Односот родител - дете е многу важен за формирање на идентитетот и неговите афективни компоненти на самопочитувањето. Високо и стабилно самопочитување се развива во одредени семејни услови низ воспитно влијание на кое детето е изложено. Прикажани се резултатите од истражувањето на улогата на различните воспитни

стилови во формирањето на стабилно самопочитување кај адолесцентите. Истражувањето е изведено во 8 средни училишта во Ниш, на примерок од 280 ученици. Се покажало дека стабилното самопочитување е во корелација со емоционалната топлина и прифатеност на мајката; нестабилното самопочитување се поврзува со недоследност и презаштитување како воспитен стил (Krajovan, 2016).

Оваа студија ги анализирала односите помеѓу стиловите на воспитување и психосоцијалното прилагодување на адолесцентите (самопочит) во португалската култура. Примерокот бил составен од 517 адолесценти, 214 мажи (41,39 %), на возраст од 11 до 18 години. За мерење била применета Скалата на родителска социјализација (ESPA29) и родителски стилови (авторитативен, авторитарен, попустлив и занемарлив) и Повеќедимензионална самоскала за почит (AF5) за мерење на пет димензии на самодовербата: академска, социјална, емоционална, семејна и физика. Резултатите од оваа студија покажале дека адолесцентите од попустливи семејства постигнале резултати еднакви или дури и подобри од оние од авторитетни семејства во некои показатели за психосоцијално приспособување. Овие резултати сугерираат дека авторитативното родителство не е поврзано со оптимална самодоверба во Португалија. Студијата се однесува на потребата за понатамошно истражување, земајќи ги предвид новите контексти и култури.

Такашманова С. Т. во својата статија ги прикажува резултатите од психолошката студија на два емоционално-евалуативни аспекти на самоконцептот: самопочитта и самоприфаќањето во периодот на адолесценцијата.

Истражувањето опфатило вкупно 320 адолесценти, на возраст од 11 години, 12, 13, 14, 15, 17, 19 и 21 година. Користени инструменти се: Инвентар за самопочит на Куперсмит и Филипс.

За истражувањето е користена Скала за мерење на степенот на самоприфаќање. Резултатите од корелациската анализа и анализата на варијансата довеле до следните основни заклучоци:

- Постои линеарна корелација помеѓу самодовербата кај адолесцентите и самоприфаќањето;

- Адолесцентите на 11-годишна возраст имаат повисоко ниво на самодоверба и самоприфаќање од адолесцентите на друга развојна возраст;

- На 12 и 13 години нивото на самопочит и самоприфаќање брзо се намалува;

- По 13-та година, развојниот ритам на самопочитта и самоприфаќањето кај адолесцентите станува постабилен.

Во трудот на Zuković, S. Ninković, S I Krstić, K. (2015) за испитување на воспитните постапки на родителите од аспект на адолесцентите се дискутира за феноменот на родителство во семејство со адолесцент. Посебен акцент е ставен на истражувањето на концептот на родителски воспитни процедури, што е операционализирана преку родителска емоционална топлина, родителска контрола и родителски надзор. Врз оваа основа, а тргнувајќи од гледна точка на важноста на искуството на детето од родителското однесување, во трудот се претставени резултатите од истражувањето чија цел е насочена кон испитување на воспитните практики на родителите перципирани од адолесцентите. Инструментот се состои од три потскали (емоционална топлина, надзор и контрола), како и прашања за социодемографски променливи. Во примерокот биле вклучени 154 адолесценти, средношколци од втора година од Нови Сад. Добиените наоди покажуваат дека адолесцентите ја перципираат родителската топлина како најприсутна, а родителскиот надзор и контрола како помалку присутни воспитно-образовни процедури, како и фактот дека воспитните постапки на мајката се перципираат како значително поприсутни во однос на воспитно-образовните постапки на таткото. Исто така, било утврдено дека полот на испитаниците е значајна варијабла во оценувањето на воспитните постапки на родителите, додека семејните карактеристики (материјална состојба на семејството, структура на семејството, образовно ниво на родители и број на деца во семејството) не се покажале како статистички значајни варијабли. Во заклучокот се апострофира потребата за насочување на натамошното истражувачко внимание на факторите кои ја одредуваат воспитно-образовната улога на таткото во семејство со адолесцент, како и потребата од развивање на свеста кај родителите за придобивките од самооткривањето на адолесцентите во процесот на родителски надзор.

Во трудот на Арнаудова (2015) се презентирани сознанија добиени од истражување спроведено со цел да се утврди дали постои поврзаност на воспитните стилови на родителите и себепочитувањето на адолесцентите. Истражувањето е спроведено на пригоден примерок од 84 испитаници (38 од машки пол и 46 од женски пол), ученици од трета година од две средни училишта во Скопје. За целите на ова истражување била користена Скала за проценување на воспитните стилови на родителите (EMBU) и две скали за мерење на себепочитувањето: Розенбергова скала за глобално себепочитување (RSE) и Скала за актуелно себепочитување (SSES). Врз основа на добиените резултати, биле изведени следниве заклучоци: себепочитувањето кај адолесцентите позитивно корелира со емоционално топлиот воспитен стил на родителите, додека со презаштитничкиот и фаворизирачкиот воспитен стил на родителите корелацијата е негативна. Негативна корелација е утврдена и меѓу отфрлувачкиот и недоследниот воспитен стил на мајката и себепочитувањето на адолесцентите.

Во трудот на Primorac (2014) целта била да се одреди нивото на себепочитување во средниот и доцниот период на адолесценција. Во истражувањето учествувале вкупно 140 испитаници, вклучително и ученици од средно училиште (N = 70, просечна возраст = 15,30 години) и студенти (N = 70, просечна возраст = 19,68 години). Скалата за самопочит на Розенберг била користена како инструмент за мерење.

Резултатите од истражувањето покажале дека нема значајна разлика во себепочитувањето во однос на возраста на адолесцентите. Со други зборови, средношколците и студентите не се разликуваат значително во нивоата на ссебепочитување. Била откриена значајна разлика меѓу половите во нивото на себепочитување кај средношколците, при што момчињата имаат повисоко ниво на себепочитување, додека разликата меѓу половите не е значајна кај студентите.

Во истражувањето на Musić, H. Mulaosmanović, N. Kajtaz, E. (2014) опфатени биле средношколци на возраст од 16 до 19 години. Примерокот се состоел од 620 девојчиња и 552 момчиња. Резултатите од истражувањето покажале дека девојчињата подобро се вреднуваат во споредба со момчињата.

Во ова истражување, половите разлики биле пронајдени во повеќето аспекти на самоконцептот кај средношколците. Забележани биле разлики во себепочитувањето, самоефикасноста, стравот од негативна оценка, задоволство од животот, осаменост, додека разлики не се пронајдени во задоволство од физичкиот изглед. Машките постигнале повисоки резултати на скалата на осаменост, додека била пронајдена очекувана разлика во задоволството од физичкиот изглед.

Истражувањето на Анѓелкоска (2019), било спроведено врз 130 адолесценти, кои преку применетите мерни инструменти ги претставиле своите видувања за воспитните стилови на родителите. Истражувањето било спроведено со адолесценти на возраст од 16 години во Република Македонија, од кои 78 адолесценти се од женски пол и 52 адолесценти се од машки пол (AS=1.40 , SD=0.49). Со помош на спроведеното истражување се дошло до значајни заклучоци за поврзаноста на воспитните стилови на родителите, поединечно на мајката и на таткото, со социјалната прилагоденост на адолесцентите. Со примена на Пирсоновиот коефициент на корелација во проверување на точноста на дадените потхипотези, резултатите биле во насока дека адолесцентите го препознаваат топлиот и попустливиот воспитен стил на таткото и на мајката, додека ладниот и ограничувачкиот воспитен стил на мајката и на таткото го препознаваат во многу мал број, а добиените статистички значајни корелации биле во насока дека воспитните стилови на родителите, поединечно на мајката и на таткото, имаат значајно влијание врз социјалната прилагоденост на адолесцентите.

Во Ниш било спроведено истражување од страна на Stanojevic на примерок од 100 жени, чија возраст била помеѓу 40 и 55 години и 100 студентки на возраст помеѓу 19 и 22 години, со цел да се утврди дали постои поврзаност помеѓу партнерската афективна врска кај родителите и воспитниот стил кој тие го негуваат. Карактеристично за истражувањето е односот помеѓу мајките и ќерките, при што мајките го проценувале квалитетот на нивната поврзаност со нивните сопрузи, а ќерките со нивните мајки, но и татковци. Резултатите покажале дека лицата кои со партнерот имаат сигурна афективна врска од своите деца се доживеани како родители кои практикуваат демократски стил. Несигурната афективна поврзаност (окупирачки, избегнувачки и плашлив) статистички значајно се поврзани со либералниот воспитен стил и авторитарен стил.

Во истражувањето на Jaxja (2020), целта била да се утврди дали постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови на родителите и социјалната перцепција на воспитните стилови на адолесцентите. За таа намена бил користен пригоден примерок од 195 испитаници, 65 адолесценти (38 женски и 27 машки испитаници) и 130 родители на адолесцентите (65 мајки, 65 татковци на адолесцентите). За мерење на воспитните стилови на родителите од страна на адолесцентите бил користен Прашалникот ЕМБУ, кој се состои од пет супскали: отфрлање, претерана заштита, емоционална топлина, недоследност и фаворизирање. За мерење на воспитните стилови на родителите (автоперцепција на воспитните стилови) била користена изменета верзија на ЕМБУ, прилагодена за родители. И таа ги содржи истите супскали: отфрлање, претерана заштита, емоционална топлина, недоследност и фаворизирање. Добиените резултати биле во насока дека постои разлика во автоперцепцијата на мајката и социјалната перцепцијата на адолесцентот кај воспитните стилови отфрлање и емоционална топлина, додека не била пронајдена статистички значајна разлика кај воспитните стилови: претерана заштита, недоследност и фаворизирање. Не била докажана статистички значајна разлика помеѓу автоперцепцијата и социјалната перцепција на воспитните стилови: отфрлање, претерана заштита, емоционална топлина, недоследност и фаворизирање кај таткото и адолесцентот. Постоела разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови отфрлање и емоционална топлина помеѓу мајката и таткото на адолесцентот, додека за другите воспитни стилови (претерана заштита, недоследност и фаворизирање) не постоела статистички значајна разлика.

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

2.1.1 Проблем на истражување

Проблемот на истражувањето произлегува од практиката, односно од компетенциите на стручен соработник во средно училиште, каде согласно Законот за средно образование, се одржува советување на родители на ученици со 3 и над 3 единици, отсуства од училиште, како и асоцијално и антисоцијално однесување. За таа цел се користи Програмата за советување родители и ученици, во која се обрнува внимание на воспитните стилови на родителите. Во досегашната пракса, кога ќе се појави некоја од горенаведените причини за советување заради некој актуелен проблем кој го погодил целото семејство, по реализирање на советувањето не се повикува идентификуваниот ученик или родител за советување, но ако постои дисфункционалност во семејството, незаинтересираност за успехот на ученикот, или пак, строгост и крутост во воспитувањето, тогаш постои неколкукратно идентификување на исти родители и исти ученици. Учениците се во период на адолесценција и во овој период родителите се многу важни како адекватен модел кој им помага на адолесцентите поуспешно да се снајдат во новите улоги и очекувања кои доаѓаат со нив, но и да овозможат поддршка и поткрепа. Улогата на родителот е да ги валидира настанатите промени и да му укаже на адолесцентот на можните правци на развој. Само во атмосфера на прифаќање од страна на родителите, адолесцентите можат да експериментираат со новите улоги и вредности, да донесуваат важни одлуки и на тој начин да станат автономни. Па според сето горенаведено, како проблем на поставеното научното истражување е:

Дали постои поврзаност на родителските стилови на воспитување и себепочитувањето кај адолесцентите на возраст од 14 до 18 години од машки и женски пол?

2.2.1 Научна цел на истражувањето

Резултатите од истражувањето можат да бидат корисни како емпириски придонес во научно-теоретското дефинирање на поимите воспитни стилови и себепочитување, како и за поегзактно утврдување на влијанието на разни воспитни стилови на родителите кои влијаат врз определувањето на емоционално-вредносната димензија на сликата за себе, односно врз себепочитувањето во периодот на адолесценција.

2.2.2 Практична цел на истражувањето

Во согласност со претходните поставени цели и задачи, практичната цел на ова истражување е да се развие и подобри односот родител - дете, начинот на воспитување, адекватна комуникација, сослушување, соочување со проблеми и промени, како и нивно заедничко разрешување, вклучување на родителите во училиштата, што е доста битно и поврзано со успехот и функционирањето во училиштето, сѐ со цел да се подобри, да се превенира, односно да се намали ниското себепочитување како дел од сликата за себе, кое е важно за формирање на здрава, зрела и интегрирана личност.

2.3.1 Задачи на истражувањето

- Како задачи од наведеното истражување би се истакнале:

- да се согледа поврзаноста помеѓу воспитните стилови на родителите и себепочитувањето на адолесцентите;

- да се докаже влијанието на воспитните стилови на родителите врз себепочитувањето на адолесцентите од различен пол;

- да се испита дали постои разлика помеѓу себепочитувањето на адолесцентите на различна возраст.

2.4.1 Предмет на истражувањето

Како предмет на ова истражување е да се испита „Поврзаноста на родителските стилови на воспитување и себепочитувањето кај адолесцентите на возраст од 14 до 18 години од машки и женски пол“.

2.4.2 Дефинирање на клучните поими

Воспитни стилови - Во обид да се анализираат разните воспитни постапки кои родителите ги применуваат во социјализацијата на децата, најчесто се резултирало со издвојување на две основни димензии на воспитување: афективна и контролна. Афективната димензија го покажува емоционалниот однос на родителот спрема детето. Таа се однесува на степенот до кој родителот отворено ги искажува позитивните и негативните емоции спрема детето и неговите постапки, на степенот на сензитивност за потребите на детето и емоционалните состојби, на количината на поддршка и љубов која родителот ја дава, наспроти отфрлување, емоционална дистанца и непријателство. Во зависност од тоа дали постапките повеќе се во прилог на прифаќање или одбивање, родителските постапки може да бидат сместени на некоја точка на континуумот помеѓу двата краја, едниот е „топло воспитување“ наспроти „ладно воспитување“. Димензијата контрола покажува допуштена слобода на детето, поставување правила за однесување и ограничување. Таа се однесува на степенот на надзор кои родителите го прават врз детето, на количината на правила со кои го регулираат однесувањето на детето, како и на видот и интензитетот на поткрепувања и казни кои се применуваат во воспитувањето. Мал степен на дозволена физичка и психичка слобода на детето, пратена со поставување на голем број на правила кои стриктно го регулираат неговото однесување, карактеристичен е за полот „ограничувачко воспитување“, а на другиот крај на оваа димензија е „попустливо воспитување“, кое се одликува со мал степен на контрола над однесувањето на детето, со флексибилни и/или слабо дефинирани правила (Kodzopeljic, 2009).

Себепочитувањето, според Coopersmith, се дефинира како процена на самиот себеси, која секој поединец ја донесува и до која се придржува во своето живеење. Ваквата процена има релативно траен карактер; не е врзана за специфична ситуација, туку за пролонгирани услови на живеење и специфична социјализација. Токму затоа Coopersmith со голем број истражувања, дури и лонгитудинални, се обидувал да ги утврди антецендентните услови за развој на одделните степени на себепочитување кај децата и младите (Такашманова, 1997).

2. 5.1 Хипотези

2.5.2 Формулација на општа хипотеза

Општата хипотеза на научното истражување е поставена како:

Воспитните стилови на родителите се поврзани со висината на себепочитувањето кај адолесцентите.

2.5.3 Формулација на посебни хипотези

Како посебни хипотези кои произлегуваат од општата хипотеза се поставени:

1. Воспитниот стил на родителите - топлото воспитување позитивно корелира со себепочитувањето на адолесцентите.

2. Воспитните стилови на родителите - ладното, попустливо и ограничувачко воспитување негативно корелираат со себепочитувањето на адолесцентите.

3. Себепочитувањето кај адолесцентите од женски пол зависи од стиловите на воспитување на нивните родители.

4. Себепочитувањето кај адолесцентите од машки пол зависи од стиловите на воспитување на нивните родители.

5. Присутна е статистички значајна разлика во себепочитувањето на адолесцентите од машки и женски пол во зависност од стиловите на воспитување на нивните родители.

6. Присутна е статистички значајна разлика во себепочитувањето помеѓу адолесцентите во рана адолесценција на возраст од 14 години и адолесцентите во доцна адолесценција на возраст од 18 години.

2.6.1 Варијабли на истражувањето

Воспитните стилови на родителите и возраста се независни варијабли.

Себепочитувањето на адолесцентите и полот се зависни варијабли.

2.7.1 Методи, техники и инструменти на истражувањето

Истражувањето се спроведе како неекспериментално квантитативно истражување со примена на техника на анкетирање, каде како инструменти ќе бидат зададени: ВС-скала на процена на воспитните стилови на родителите, која ќе биде пополнувана од страна на учениците и Куперсмитов инвентар за мерење на себепочитување, кој исто така ќе биде пополнуван од страна на учениците.

Скалата за воспитните стилови на родителите перципирани од страна на адолесцентите е преземена од прирачникот Procena psiholoških i psihopatoloških fenomena, издаден од Centar za primenjenu psihologiju, 2010 година на српски јазик и е преведен на македонски јазик за потребите на истражувањето. Автори се Kodzopeljic и соработниците (2009), има 44 искази за двајцата родители и на скала од 1 до 5 се заокружува посебно за едниот родител, посебно за другиот. Супскали се: топло воспитување, ладно воспитување, попустливо воспитување и ограничувачко воспитување.

Куперсмитовиот инвентар (Coopersmith Self Esteem Inventory) - Инвентарот содржи 46 тврдења групирани во четири супскали:

- Општ однос кон себеси (22 тврдења). Се однесуваат на задоволството со сопствените особини и животни околности.

- Социјално јас - јас и врсниците (8 тврдења). Се однесуваат на задоволството заради прифатеност од врсниците.

- Дом - родители (8 тврдења). Се однесуваат на задоволството заради прифатеноста од родителите и квалитетот на односите со нив.

- Училиште - јас како ученик (8 тврдења). Се однесуваат на доживувањето на себеси во врска со училиштето и учењето.

На тврдењата испитаниците одговараат со „да“ или „не“. Вкупниот скор на целиот инвентар и на супскалите е идентичен на бројот на тврдењата. Колку е повисок постигнатиот скор, толку и себепочитувањето е повисоко.

2.8.1 Популација и примерок на истражување

Популација во ова истражување се 182 адолесценти на возраст од 14 до 18 години. Со оглед на тоа што тоа се ученици од прва до четврта година, како примерок ќе се бира пригоден примерок со ученици од СОСУ „Илинден“ – Илинден, каде вкупната бројка е 280 ученици, распоредени во 9 паралелки. Учениците од профил електротехничар за компјутерска техника и автоматика имаат повисок успех, а учениците од профил електротехничар за електроника и телекомуникации имаат послаб успех, па земајќи ги сите ученици, успехот како релевантна варијабла ќе се контролира. Исто така, бројот на ученици од урбана и рурална средина е приближно ист, па така и местото на живеење како релевантна варијабла ќе се контролира.

2.9.1 Техники за обработка на податоци

Проблемот на ова истражување ќе биде проверен со квантитативна методологија, а податоците ќе бидат проверени со дескриптивна анализа, корелациска анализа и споредба на аритметички средини помеѓу испитаниците со употреба на статистичка програма SPSS. Квантитативниот приод ќе биде употребен при формулирање на хипотезите, анализа на односите помеѓу варијаблите. Се спроведе анкета на учениците од СОСУ „Илинден“ - Илинден од прва до четврта година во сите паралелки со Скала на проценка на ВС на родителите и Купер-Смитов инвентар за себепочитување. Податоците кои ќе бидат добиени во ова истражување ќе бидат средени, прегледани, а потоа ќе бидат пресметани основните показатели кои ќе се користат во статистичкото

заклучување. За опис на квантитативните податоци добиени од ова истражување ќе се користи аритметичка средина, која претставува збир на мерни податоци, поделени со бројот на мерења и стандардно отстапување. Постапка за пресметување на корелација на варијаблите е Пирсонов коефициент на корелација и t-тест на значајност на разлики помеѓу аритметичките средини. Очекуваме корелациската анализа да покаже значајна поврзаност помеѓу варијаблите кои се предмет на ова истражување. Со примената на t-тестот на значајност на разлики помеѓу аритметичките средини очекуваме да добиеме значајна разлика помеѓу аритметичките средини на испитаниците во однос на воспитните стилови на родителите и себепочитувањето.

2.10.1 ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето се реализира по добиена согласност од страна на раководното лице во Средното општинско стручно училиште „Илинден“ од Илинден и по добиена согласност од страна на родител/старател на учениците кои немаат 18 години. Спроведено е во период на месец јуни 2022 година. Има вкупно 280 испитаници кои се распределени во 9 паралелки. Согласност е побарана за учениците од 1 до 3 година, а учениците од четврта година се полнолетни. Добиена е согласност за 200 ученици. По прочистување на прашалниците, обработени се вкупно 182 прашалници. Анкетата е спроведена на 06.06.2022 година на класните часови на паралелките. Дадени се насоки на учениците дека пред нив се наоѓаат два инструмента, едниот е ВС-скала, а другиот Купер-Смитов инвентар. Нагласено е испитаниците да го прочитаат упатството и да работат индивидуално, дека анкетирањето е анонимно и дека треба само да напишат пол.

III.АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

3.1.1 РЕЗУЛТАТИ

По статистичката обработка на податоците, добиени се следниве резултати:

Табела бр.1: Аритметички средини и стандардни отстапувања на скоровите добиени за воспитни стилови

	N	Min.	Max.	M	SD	Skewness	Kurtosis
мајка.ладно	182	11,00	47,00	19,3187	6,77724	1,148	1,188
мајка.огран	182	13,00	50,00	26,1154	7,27919	,877	,664
мајка.попуст	182	23,00	55,00	42,4176	5,43585	(,392)	,496
мајка.топло	182	32,00	55,00	48,9670	5,09241	(1,171)	1,105
татко ладно	182	11,00	44,00	19,5879	7,14340	1,083	,707
татко огран.	182	11,00	48,00	25,0385	7,41163	,816	,672
татко попустливо	182	22,00	53,00	42,2582	5,43615	(,576)	,675
татко топло	182	17,00	55,00	47,7912	6,75460	(1,819)	4,253

Од резултатите прикажани во Табела 1, може да се види дека кај испитаниците најзастапен воспитен стил и за мајката и за таткото е топло воспитување (M=48.97, SD =5.09; M=47.79, SD =6.75), а потоа попустливо воспитување (M=42.42, SD =5.44; M=42.26, SD =5.44), додека кај двајцата родители најмалку застапен воспитен стил е ограничувачко воспитување (M=26.12, SD =7.28 ; M=25.03, SD =7.41) и ладно воспитување (M=19.32, SD =6.78 ; M=19.59, SD =7.14).

Кога станува збор за интерпретацијата на скјунесот, треба да сме свесни дека таа го проценува степенот до кој дистрибуцијата на променливата е симетрична. Ако дистрибуцијата на одговори за променливата се протега кон десната или левата опашка

на дистрибуцијата, тогаш дистрибуцијата се карактеризира како искривена. Негативната искривеност укажува на поголем број на поголеми вредности, а позитивната искривеност укажува на поголем број помали вредности. Како општо упатство, вредноста на искривување помеѓу −1 и +1 се смета за одлична, но вредноста помеѓу −2 и +2 генерално се смета за прифатлива. Вредностите над −2 и +2 се сметаат за индикативни, но во овој случај Табела 1 – сите вредности за скјунесот се прифатливи.

Куртозисот е мерка дали дистрибуцијата на одговри е сконцентрирана кон центарот. Во Табела 1, сите вредности ни говорат за лепокуртичност, односно поголема концентрација на скоровите на испитаниците околку центарот.

Табела бр.2: Аритметички средини и стандардни отстапувања на скоровите добиени за себепочитување

Дескриптивна статистика							
	N	Minimum	Maximum	Mean	Std. Deviation	Skewness	Kurtosis
вкупно	182	11,00	44,00	34,8791	5,92837	(1,228)	1,870
Јас и врсниците	182	3,00	8,00	6,5330	1,21068	(1,003)	,973
Јас и родителите	182	2,00	8,00	6,6264	1,48397	(1,152)	,770
Јас како ученик	182	,00	8,00	5,3352	1,86943	(,374)	(,628)
Општ однос кон себе	182	3,00	21,00	16,3846	3,53442	(1,360)	2,101
паралелка	182	3,00	4,00	3,4011	,49147	,407	(1,855)
пол	182	1,00	2,00	1,2747	,44761	1,018	(,975)

Како што може да се види (Табела 2), себепочитувањето кај испитаниците е релативно високо (вкупен скор за себепочитување: M=34.87, SD =5.93; општ однос кон себе: M=16.38, SD =3.53). Повисоки вредности се добиени за „јас и врсниците“ (M=6.53, SD=1.21) и „јас и родителите“ (M=6.62, SD=1.48) отколку за „јас како ученик“ (M=5.33, SD=1.87).

Кога станува збор за интерпретацијата на скјунесот, треба да сме свесни дека таа го проценува степенот до кој дистрибуцијата на променливата е симетрична. Ако дистрибуцијата на одговори за променлива се протега кон десната или левата опашка на дистрибуцијата, тогаш дистрибуцијата се карактеризира како искривена. Негативната искривеност укажува на поголем број на поголеми вредности, а позитивната искривеност укажува на поголем број помали вредности. Како општо упатство, вредноста на искривување помеѓу −1 и +1 се смета за одлична, но вредноста помеѓу −2 и +2 генерално се смета за прифатлива. Вредностите над −2 и +2 се сметаат за индикативни, но во овој случај, сите вредности за скјунесот се прифатливи.

Куртозисот е мерка дали дистрибуцијата на одговри е сконцентрирана кон центарот. Во Табела 2, позитивните вредности ни говорат за лепокуртичност, односно поголема концентрација на скоровите на испитаниците околку центарот, а негативните за платокуртилност, односно поголема концентрација околу краевите на дистрибуцијата.

4.2.1 Општата хипотеза на научното истражување е поставена како:

Воспитните стилови на родителите се поврзани со висината на себепочитувањето кај адолесцентите

4.2.2 Формулација на посебни хипотези

Како посебни хипотези кои произлегуваат од општата хипотеза се поставени:

1. Воспитниот стил на родителите - топлото воспитување позитивно корелира со

себепочитувањето на адолесцентите.

		Мајка топло	Татко топло
Општ однос кон себе	Pearson Correlation	**,888***,**	,**243****
	Sig. (2-tailed)	,000	,001
	N	182	182
*. Correlation is significant at the 0.05 level (2-tailed).			
**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).			

Помеѓу топлиот воспитен стил на двајцата родители (мајката и таткото) и општиот однос кон себе постои позитивна корелација - r = 0.89, p<0.01 за мајката и позитивна корелација r = 0.24, p<0.01 за таткото.

Оттука може да се заклучи дека воспитниот стил топло воспитување позитивно корелира со себепочитувањето на адолесцентите и со тоа зададената хипотеза се потврдува.

2. Воспитните стилови на родителите - ладното, попустливо и ограничувачко воспитување негативно корелираат со себепочитувањето на адолесцентите.

		м.ладно	м.попуст	м.огран	т.ладно	т.попустливо	т.огран
Општ однос кон себе	Pearson Correlation	**(,171)***	,068	(,057)	**(,221)****	,073	(,027)
	Sig. (2-tailed)	,021	,365	,447	,003	,329	,716
	N	182	182	182	182	182	182

*. Correlation is significant at the 0.05 level (2-tailed).
**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).

Помеѓу воспитниот стил на мајката - ладно воспитување и општиот однос кон себе постои негативна корелација (r=0.17, p<0.05). Додека пак, помеѓу воспитните стилови попустливо и ограничувачко воспитување и општиот однос кон себе не постои статистички значајна поврзаност.

Помеѓу воспитниот стил на таткото - ладно воспитување и општиот однос кон себе постои негативна корелација (r=0.22, p<0.01). Додека пак, помеѓу воспитните стилови попустливо и ограничувачко воспитување и општиот однос кон себе не постои статистички значајна поврзаност.

Оттука може да се заклучи дека општиот однос кон себе негативно корелира со воспитниот стил ладно воспитување, но не и со попустливо и ограничувачко воспитување, па затоа хипотезата делумно се прифаќа.

3. Себепочитувањето кај адолесцентите од женски пол зависи од стиловите на воспитување на нивните родители.

Мајка				
	Попустливо	Ограничувачко	Топло	Ладно
Женски	**,283***	,045	**,390****	(,130)
Sig. (2-tailed)	,047	,757	,005	,367
N	50	50	50	50
*. Correlation is significant at the 0.05 level (2-tailed).				
**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).				

Кај испитаниците од женски пол постои статистички значајна позитивна корелација на себепочитувањето со воспитниот стил попустливо воспитување на

мајката (r = 0.22, p<0.05) и статистички значајна позитивна корелација со воспитниот стил топло воспитување на мајката (r = 0.39, p<0.01). Додека пак, помеѓу себепочитувањето и воспитните стилови ограничувачко и ладно воспитување не постои значајно ниво на корелација.

Татко				
	Попустливо	Ограничувачко	Топло	Ладно
Женски	,275	,058	**,419****	**,390****
Sig. (2-tailed)	,053	,687	,002	,005
N	50	50	50	50
*. Correlation is significant at the 0.05 level (2-tailed).				
**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).				

Кај испитаниците од женски пол постои статистички значајна позитивна корелација на себепочитувањето со воспитниот стил топло воспитување на таткото (r = 0.42, p<0.01) и статистички значајна позитивна корелација со воспитниот стил ладно воспитување на таткото (r = 0.39, p<0.01). Додека пак, помеѓу себепочитувањето и воспитните стилови попустливо и ограничувачко воспитување не постои значајно ниво на корелација.

Добиените резултати делумно ја потврдуваат третата хипотеза.

4. Себепочитувањето кај адолесцентите од машки пол зависи од стиловите на воспитување на нивните родители.

Мајка				
	Попустливо	Ограничувачко	Топло	Ладно
Машки	,103**	(,148) **	**,286****	**1****
Sig. (2-tailed)	,241	,091	,001	,000
N	132	132	132	132
*. Correlation is significant at the 0.05 level (2-tailed).				
**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).				

Кај испитаниците од машки пол постои статистички значајна позитивна корелација на себепочитувањето со воспитниот стил топло воспитување на мајката (r = 0.29, p<0.01) и статистички значајна позитивна корелација со воспитниот стил ладно воспитување на мајката (r = 1, p<0.01). Додека пак, помеѓу себепочитувањето и воспитните стилови ограничувачко и попустливо воспитување не постои значајно ниво на корелација.

Татко				
	Попустливо	Ограничувачко	Топло	Ладно
Машки	,137	,093	**,340****	**,286****
Sig. (2-tailed)	,118	,287	,000	,001
N	132	132	132	132
*. Correlation is significant at the 0.05 level (2-tailed).				
**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).				

Кај испитаниците од машки пол постои статистички значајна позитивна корелација на себепочитувањето со воспитниот стил топло воспитување на таткото (r = 0.34, p<0.01) и статистички значајна позитивна корелација со воспитниот стил ладно воспитување на таткото (r = 0.29, p<0.01). Додека пак, помеѓу себепочитувањето и воспитните стилови попустливо и ограничувачко воспитување не постои значајно ниво на корелација.

Добиените резултати делумно ја потврдуваат четвртата хипотеза

5. Присутна е статистички значајна разлика во себепочитувањето на адолесцентите од машки и женски пол во зависност од стиловите на воспитување на нивните родители.

	Пол	N	Mean	Std. Deviation	t	p
Општ однос кон себе	Машки	132	16.5455	3.48467	.997	>0.05
	Женски	50	15.9600	3.66428		
Јас и врсниците	Машки	132	6.4924	1.24481	-.773	>0.05
	Женски	50	6.6400	1.12050		
Јас и родителите	Машки	132	6.6136	1.47575	-.188	>0.05
	Женски	50	6.6600	1.52007		
Јас како ученик	Машки	132	5.3485	1.90213	.156	>0.05
	Женски	50	5.3000	1.79853		
Вкупно	Машки	132	35.0000	5.98089	.445	>0.05
	Женски	50	34.5600	5.83501		

Податоците ни покажуваат дека помеѓу испитаниците од машки и женски пол не постојат разлики во однос на себепочитувањето, без оглед на родителиските стилови, односно хипотезата не се потврди.

6. Присутна е статистички значајна разлика во себепочитувањето помеѓу адолесцентите во рана адолесценција на возраст од 14 години и адолесцентите во доцна адолесценција на возраст од 18 години.

Паралелка		Test Value = 0					
		t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	95% Confidence Interval of the Difference	
						Lower	Upper
3,00	општ.однос.кон.себе	43,525	108	,000	16,07339	15,3414	16,8054
4,00	општ.однос.кон.себе	48,693	72	,000	16,84932	16,1595	17,5391

Врз основа на горенаведениот резултат на t-тестот, кој изнесува 43,52 за df=108 за учениците од 14 години и 48,69 за df=72 за учениците од 18 години, постои статистички значајна разлика на ниво $p<0.01$ во себепочитувањето, односно во општ однос кон себе.

ДИСКУСИЈА

Родителството е комплексна улога која подразбира примена на многу постапки за воспитување кои доаѓаат до израз во однесувањето на родителите спрема детето. Тој спектар од родителски постапки и општата емоционална атмосфера во која расте детето влијаат врз развојот на личноста и формирање на идентитетот на детето.

Под воспитен стил на родителот во литературата се подразбираат релативно доследните начини на однесување на родителите со кои воспоставуваат целокупен однос со децата.

Прифатено е гледиштето дека воспитните стилови се формираат многу рано и дека станува збор за двонасочен процес; детето го усвојува како модел родителското однесување, а реакцијата на детето родителот ја доживува како (позитивно или негативно) поткрепување за своите воспитни постапки.

Од добиените резултатите може да се види дека кај испитаниците најзастапен воспитен стил и за мајката и за таткото е топлото воспитување, а потоа попустливото воспитување, додека кај двајцата родители најмалку застапен воспитен стил е ограничувачкото воспитување, па на крај ладното воспитување.

Истите наоди се добиени во истражувањето на Анѓелкоска (2019), спроведено со 130 адолесценти, кои преку применетите мерни инструменти ги претставиле своите видувања за воспитните стилови на родителите. Со помош на спроведеното истражување се дошло до значајни заклучоци за поврзаноста на воспитните стилови на родителите, поединечно на мајката и на таткото, со социјалната прилагоденост на адолесцентите. Со примена на Пирсоновиот коефициент на корелација во проверување на точноста на дадените потхипотези, резултатите биле во насока дека адолесцентите го препознаваат топлиот и попустливиот воспитен стил на таткото и на мајката, додека ладниот и ограничувачкиот воспитен стил на мајката и на таткото го препознаваат во многу мал број. Добиените наоди одат во прилог на тоа дека во периодот на адолесценција, покрај сите промени кои ги доживуваат адолесцентите, сепак имаат потреба од топлина и грижа од своите родители. Vranješević, J. 2001 во своето истражување забележал дека самите родители ја препознаваат оваа амбивалентна врска

во однесувањето на нивните адолесценти: во еден момент протестираат дека родителите ги контролираат, додека во друг момент се жалат дека се запоставени и заборавени.

Емоционалната топлина на родителите, опишана како степен на срдечна врска кон детето, изразување чувства на љубов и со зборови и со дела, покажување блискост и наклонетост, отвореност во комуникацијата, давање поддршка и помош на детето, покажување гордост за успехот на детето, препознавањето и адекватниот одговор на потребите на детето, е најпотребна и најпрепознаена.

Според добиените резултати, може да се заклучи дека воспитниот стил топло воспитување позитивно корелира со себепочитувањето на адолесцентите, општиот однос кон себе негативно корелира со воспитниот стил ладно воспитување, но не и со попустливо и ограничувачко воспитување.

Од горенеаведените резултати, може да се види дека позитивна корелација се јавува помеѓу воспитниот стил топло воспитување, а негативна корелација со ладното воспитување, додека пак не е најдена статистички значајна корелација на себепочитувањето со попустливото и ограничувачко воспитување. Тоа би значело дека како најпосакуван и најпрактикуван модел на воспитување од страна на родителите е топлото воспитување кое придонесува за зголемување на нивото на себепочитување кај адолесцентите од машки и женски пол. Исто така, ладниот стил на воспитување дава негативна корелација со нивото на себепочитување, односно со присуство на таквиот стил на воспитување на родителите се намалува нивото на себепочитување кај адолесцентите. Афективната димензија го покажува емоционалниот однос на родителот спрема детето. Таа се однесува на степенот во кој родителот отворено ги искажува позитивните и негативните емоции спрема детето и неговите постапки, на степен на сензитивност за потребите на детето и емоционалните состојби, на количината на поддршка и љубов која родителот ја дава, наспроти отфрлување, емоционална дистанца и непријателство. Во зависност од тоа дали постапките повеќе се во прилог на прифаќање или одбивање, родителските постапки може да бидат сместени на некоја точка на континуумот помеѓу двата краја - едниот „топло воспитување“ наспроти „ладно воспитување“. Тоа значи дека нивото на себепочитување е поврзано со афективната димензија на воспитните стилови на родителите. Во една студија

спроведена на популацијата на белградските адолесценти, било утврдено дека најзначајна развојна задача за нив е промената на искуството на автономија во однос на нивните родители и дека она што не се променило, а што е важно за нив, е тоа што имаат добри односи со родителите и нивната поддршка во текот на растењето, и дека за да имаат добар однос со родителите, добар дел би се откажале од својата автономија (Vranješević, J. 2001).

Кај испитаниците од женски пол постои статистички значајна позитивна корелација на себепочитувањето со воспитниот стил попустливо воспитување на мајката и статистички значајна позитивна корелација со воспитниот стил топло воспитување на мајката. Додека пак, помеѓу себепочитувањето и воспитните стилови ограничувачко и ладно воспитување не постои значајно ниво на корелација.

Кај испитаниците од женски пол постои статистички значајна позитивна корелација на себепочитувањето со воспитниот стил топло воспитување на таткото и статистички значајна позитивна корелација со воспитниот стил ладно воспитување на таткото. Додека пак, помеѓу себепочитувањето и воспитните стилови попустливо и ограничувачко воспитување не постои значајно ниво на корелација. Добиените резултати делумно ја потврдуваат третата хипотеза.

Кај испитаниците од машки пол постои статистички значајна позитивна корелација на себепочитувањето со воспитниот стил топло воспитување на мајката ($r = 0.29$, $p<0.01$) и статистички значајна позитивна корелација со воспитниот стил ладно воспитување на мајката ($r = 1$, $p<0.01$). Додека пак, помеѓу себепочитувањето и воспитните стилови ограничувачко и попустливо воспитување не постои значајно ниво на корелација.

Кај испитаниците од машки пол постои статистички значајна позитивна корелација на себепочитувањето со воспитниот стил топло воспитување на таткото и статистички значајна позитивна корелација со воспитниот стил ладно воспитување на таткото. Додека пак, помеѓу себепочитувањето и воспитните стилови попустливо и ограничувачко воспитување не постои значајно ниво на корелација. Добиените резултати делумно ја потврдуваат четвртата хипотеза.

Татковците и мајките се разликуваат не само по својот темперамент и карактер, по животното и работното искуство и по степенот на образование, туку и по нивната работна култура и однесување, па дури и по ставовите, верувањата и вредносните ориентации. „Има толку големи разлики и често се случува сопружниците, кои се родители на истото дете, да имаат сосема различни ставови за воспитувањето, што треба и што не треба да му се дозволи на детето, што може или мора да се бара од него“ (Prodanović, Lj., 2000).

Кај испитаниците од машки и женски пол постои статистички значајна позитивна корелација со воспитниот стил топло воспитување од страна на мајката и од страна на таткото со себепочитувањето на адолесцентите, а само кај машките има позитивна корелација со ладниот стил на воспитување.

Податоците од истражувањето ни покажуваат дека помеѓу испитаниците од машки и женски пол не постојат разлики во однос на себепочитувањето, без оглед на родителските стилови, односно хипотезата не се потврди.

Во ова истражување се добиени резултати кои укажуваат дека помеѓу испитаниците од машки и женски пол не постојат разлики во однос на себепочитувањето, без оглед на родителиските стилови. Половите разлики се воочливи од самото раѓање, како биолошки, така и културолошки, а со тоа и вклучувањето на тие атрибути во себепочитувањето започнуваат од самото раѓање. Децата стануваат свесни за припадноста на сопствениот пол од третата година на својот живот. Од тој период припадноста на полот е составен дел во самоописите на децата. Половите разлики од раното детство се јавуваат во текот на целиот живот на поединецот. Врз основа на многу истражувања, се доведува во прашање дали машките и женските лица имаат подобро или полошо видување за себе. Често се говори за полови разлики во себепочитувањето заради различните воспитни постапки на родителите спрема децата од различен пол.

Добиените резултати на овој примерок се во обратна насока од истражувањето на Primorac (2014), кои покажале дека нема значајна разлика во себепочитувањето во однос на возраста на адолесцентите. Со други зборови, средношколците и студентите не се разликуваат значително во нивоата на себепочитување. Била откриена значајна

разлика меѓу половите во нивото на себепочитување кај средношколците, при што момчињата имаат повисоко ниво на себепочитување, додека разликата меѓу половите не е значајна кај студентите и кај ученците. Во ова истражување добиени се резултати дека помеѓу испитаниците од машки и женски пол не постојат разлики во однос на себепочитувањето, без оглед на родителиските стилови.

IV ДЕЛ ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од добиените резултати може да се види дека кај испитаниците најзастапен воспитен стил и за мајката и за таткото е топлото воспитување, а потоа попустливото воспитување, додека кај двајцата родители најмалку застапен воспитен стил е ограничувачкото воспитување, па на крај ладното воспитување.

Според добиените резултати, може да се заклучи дека воспитниот стил топло воспитување позитивно корелира со себепочитувањето на адолесцентите, општиот однос кон себе негативно корелира со воспитниот стил ладно воспитување, но нема статистички значајна поврзаност и со попустливо и ограничувачко воспитување.

Кај испитаниците од женски пол постои статистички значајна поврзаност со топлиот воспитен стил од страна на мајката и од страна на таткото со себепочитувањето. Постои значајна поврзаност и со попустливиот стил на мајката и ладниот стил на таткото, додека пак не постои значајна поврзаност со ограничувачкиот стил на мајката и таткото, ладниот стил на мајката и попустливиот стил на таткото.

Кај испитаниците од машки пол постои статистички значајна поврзаност со топлиот воспитен стил од страна на мајката и од страна на таткото со себепочитувањето. Постои значајна поврзаност и со попустливиот стил на мајката и ладниот стил на таткото и позитивна поврзаност со ладниот воспитен стил на мајката, додека пак не постои значајна поврзаност со ограничувачкиот и попустлив стил на мајката и таткото.

Во ова истражување, според добиените резултати, помеѓу испитаниците од машки и женски пол не постојат разлики во однос на себепочитувањето, без оглед на родителиските стилови.

Врз основа на горенаведениот резултат за t-тестот помеѓу учениците од 14 години и учениците од 18 години постои статистички значајна разлика на ниво $p<0.01$ во висината на себепочитувањето, односно во општиот однос кон себе.

ПРЕПОРАКИ

Ова истражување е спроведено на пригоден примерок испитаници, ученици од СОСУ „Илинден“ од Илинден, и истите податоци се однесуваат само за нив и немаат можност за генерализација бидејќи за истражувањето не е формиран случаен примерок на испитаници.

Добиените податоци се однесуваат само за учениците кои беа вклучени во истражувањето.

Истражувањето треба да се повтори од страна на повеќе истражувачи за да се отфрли можноста за влијание на субјективните фактори во процесот на истражување.

Во истражувањето беше користена ВС скала која не е стандардизирана за македонската популација и поради тоа може да има влијание на добиените податоци.

Ограничувања на истражувањето

Постојат неколку методолошки недостатоци и препораки со кои би можеле да се подобрат идните истражувања на оваа тема. Добиените резултати кои делумно ја потврдија поставената хипотеза можеби делумно се должат на изборот на примерокот.

Претпоставката некогаш може да биде дека поголемиот дел од нив не биле заинтересирани за истражувањето. Ова може да биде поврзано со нивната мотивација да одговараат на прашањата кои им биле зададени во цел на истражувањето. Во однос на примерокот, голем недостаток на истражувањето може да претставува и тоа што не е случајно избран. Пригодниот примерок има најслаба репрезентативност во однос на

другите можни примероци, но беше единствено можено решение за избор поради неговата економичност во однос на времето и достапноста на испитаниците беше одбран за изработка на трудот. Исто така, примерокот би требало да го сочинуваат поголем број на испитаници. Бидејќи во истражувањето не е вклучен репрезентативен примерок, резултатите може да се генерализираат исклучиво на испитаниците врз кои е спроведно истражувањето, односно наодите од спроведеното истражување ќе важат исклучиво во границите на самиот примерок. Сепак, во идните истражувања би можеле да се опфатат и групи од различни возрасти, односно примерокот да го сочинуваат млади од различна возраст.

Ограничување на ова истражување претставува и методот на собирање на податоци. Еден од недостатоците на ова истражување може да биде тоа што се користени инструменти кои се преводи и адаптации на оригиналните инструменти, на македонски јазик. За потребите на истражувањето беа потребни стандардизирани инструменти. Во однос на инструментите кои се користени во истражувањето, главен проблем за испитаниците претставуваше обемноста на прашалниците, па поради тоа имаше случаи на нецелосно пополнување на прашалниците. Затоа би било корисно во иднина да се користат пократки инструменти или истите инструменти, но со неколку исфрлени ајтеми кои се збунувачки за испитаниците или кои не покажуваат никакви разлики помеѓу нив.

Недостаток на ова истражување може да биде и давањето на социјално пожелни одговори, за да се добие впечаток дека испитаниците се, на пример, посовесни. Овој недостаток во извесна мера би можел да се реши со дополнително потенцирање на анонимноста.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Арнаудова, В (2019). Воспитните стилови на родителите и себепочитување кај адолесцентите, превземено од http://periodica.fzf.ukim.edu.mk 05.06.2022

2. Бојковска, S. (2014). Дисфункционалноста на семејството, причина за појава на пореметено однесување кај адолецсентите, преземено од https://repository.ukim.mk/handle 10.12.2021

3. Bodroški, B. (2009). Postupci roditelja u vaspitanju dece i njihov međugeneracijski transfer. Beograd: Filozofski fakultet.

4. Vilotijević, Ž. (2008). Ka određenju duševnog zdravlja - koncepcije i dileme. Engrami - časopis za kliničku psihijatriju, psihologiju i granične discipline, 30(2), 51-61.

5. Vlajković, J. (1990). Teorija i praksa mentalne higijene. Beograd: Savez društava psihologa Srbije

6. Buri, J. R. (1991). Parental Authority Questionnaire, Journal of Personality and Social Assessment, 57, 110-119.

7. Crisp, R. J., Turner, R. N. (2010). *Essential Social Psychology*. Lonodon: Sage.

8. Čudina–Obradović, M., Obradović, J. (2006). *Psihologija braka i obitelji*. Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga.

9. Hair, E. C., Graziano, W. G. (2003). Self-Esteem, Personality and Achievement in High School: A Prospective Longitudinal Study in Texas. *Journal of Personality*, 71(6), 971-994.

10. Harter, S. (1990). Causes, correlates and the functional role of global self-worth: A lifespan perspective. U: Kolligan, J., Sternberg, R. (ur.) *Perceptions of competence and incompetence across the life-span*. New York, NY: Springer-Verlag, 43–70.

11. Harter, S. (1992). Visions of self: Beyond me in the mirror. U: Jacobs, J. (ur.) *Developmental perspectives on motivation*. Lincoln, NE: University of Nebrasca Press, 99–144.

12. Jones, D. (2009). Assessment of Parenting. U: Horwath, J. (ur.) *The Childs World: The Comprehensive Guide to Assessing Children in Need*. London, Philadelphia: Jessica Kingsley Publishers.

13. Котева - Мојсовска, Т. (2006). Семејното воспитание и социјалното однесување на децата ,Академски печат, Скопје.

14. Krajovan. J (2016). Relacije vaspitnih stilova sa self-konceptom i mentalnim zdravljem adolescenata, преземено од https://www.academia.edu/29393692/Relacije_vaspitnih_stilova_sa_self konceptom_i_mentalnim_zdravljem.doc 10.06.2022

15. Лазаревска, Д. (2019).Социоекономски фактори и нивното влијание во современото семејство, превземено од https://repository.ukim.mk 10.12.2021

16. Лела, А. (2012). Социјалниот статус на семејството и појава на зависности кај членовите, преземено од
http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten 10.12.2021

17. Мирчовска. Г. (2011). Семејството и агресивното однесување кај учениците, преземено од https://eprints.ugd.edu.mk/520/1/Mirchovska_Gordana.pdf 10.12.2021

18. Marković Jasminka, Dragan Mitrovićl, Svetlana Ivanović-Kovačevićl, Valentina Šobotl, Jelena Srdanovićl (2008). Karakteristike porodične stukture i komunikacija porodicama sa decom sa poremećajem ponašanja UDK 616.89-053.2:316.356.2.

19. Matejević, M. (2007). Vrednosne orijentacije i vaspitni stil roditelja. Univerzitet u Nišu, Filozofski fakultet, Niš.

20. Такашманова Соколовска, Т. (1997). Емоционално-вредносни аспекти на сликата за себе кај адолесценти, превземено од http://periodica.fzf.ukim.edu.mk 05.06.2022

21. Kapor-Stanulović, N. (1985). *Psihologija roditeljstva*. Beograd: Nolit.

22. Katica Lacković-Grgin. (2006). *Psihologija adolescencije*. Udžbenici Sveučilišta u Zadru: Jastrebarsko: Naklada Slap.

23. Kuburić, Z. (2009). Moć identifikaciije. U: Vukomanović, M. (ur.). *Izvan igre na putu. Zbornik u čast profesora Đure Šušnjića*. Beograd: Čigoja štampa, 137–148.

Marjanović, A. (1987). Dete kao partner u svetu odraslih. *Predškolsko dete*, br. 1–4, 171–173.

24. Marsh, H. W. et al. (2007). Childhood obesity, gender, actual-ideal body image discrepancies, and physical self-concept in Hong Kong children: cultural differences in the value of moderation. Developmental Psychology, 43, 647-662.

25. Milošević, N., Ševkušić, S. (2005). Samopoštovanje i školsko postignuće učenika. *Zbornik instituta za pedagoška istraživanja*, 37(1), 70-87.

26. Opačić, G. Đ. (1995). *Ličnost u socijalnom ogledalu*. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.

27. Penezić, Z., Lacković-Grgin, K., Sorić, I. (1999). Uzroci usamljenosti. *Radovi Filozofskog fakulteta u Zadru*, 38 (15), 59-78.

28. Piorkowska-Petrović, K. (1991). Jedan model za ispitivanje vaspitnih stavova roditelja. *Psihologija*, 1-2, 170–180.

29. Prodanović, Lj. (2000). *Roditelj i dete u osnovnoj školi*. Beograd: Eduka.

Rohner, R. P. (1984). *Handbook for the Study of Parental Acceptance and Rejection.Measurement of Parental Acceptance-Rejection and its Social-Emotional Consequences*. Storrs: University of Connecticut, Center for the Study of Parental Acceptance and Rejection.

30. Stanojlović, D. B. (2001). *Porodica i vaspitanje dece*. Beograd: Naučna knjiga.

Todorović, J. (2004). Vaspitni stilovi u porodici i stabilnost samopoštovanja adolescenata. *Psihologija*, 37 (2), 183-193.

31. Tovilović, S. (2005). Asertivni trening: efekti tretmana, održivost promena, i udeo terapeuta u terapijskom ishodu. Filozofski fakultet, Novi Sad, Odesk za psihologiju.

32. Todorović, J. (2005). *Vaspitni stilovi roditelja i samopoštovanje adolescenata*. Niš: Prosveta.

33. Turner, B. S. (2001). The History of the Changing Concepts of Health and Illness: Outline of a General Model of Illness Categories. U: Albrecht, G. L., Fitzpatrick, R., Scrimshaw, S. (ur.) *Social Studies in Health and Medicine.* Thousand Oaks, CA.

34. Ќимова, Ѓ. (2019). Базична методологија на научно истражување. Свети Николе: МЦСП

35. Шурбановска, О. (2013). Родителите и однесувањето на детето во училиштето. Скопје

36. Шкариќ-Мурџева, О. (2011). Психологија на детството и на адолесценцијата. Скопје

ПРИЛОГ ИНСТРУМЕНТИ

ВС-скала

УПАТСТВО:

Пред тебе се наоѓаат искази за различни воспитни постапки. Почитај го внимателно исказот и на скала од 1 до 5 означи колку, според Твоето мислење, исказот одговара на начинот на воспитување на твојот татко, односно твојата мајка.

Броевите го имаат следното значење:

1 - воопшто не се согласувам

2 - главно не се согласувам

3 - неодлучен/на сум

4 - главно се согласувам

5 - потполно се согласувам

		татко	мајка
1.	Ретко нешто ми забранува.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
2.	Често зборува дека не е задоволен/а со моето однесување.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
3.	Со мене е многу близок/ска.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
4.	Не бара од мене строго да се придржувам до правилата кои се вообичаени во нашето семејство.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
5.	Често го наградува моето однесување.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
6.	Ми се меша во изборот на другари.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
7.	Често ми префрла дека заради мене многу жртвувал/ла.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
8.	Води сметка и за моите особини и за околностите, а не само за своите правила, кога ги проценува моите	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5

	постапки.		
9.	Често ме контролира од страв да не го/ја посрамотам.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
10.	Како растам така ми дозволува самостојност во донесување на одлуки.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
11.	Се однесува спрема мене незаинтересирано.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
12.	Не ми дозволува да го доведам во прашање неговото/нејзиното мислење.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
13.	Ме прифаќа таков/таква каков/каква сум.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
14.	Кога ќе ја прекршам забраната, обично ме казнува.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
15.	Ме поттикнува што порано да бидам „свој човек“.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
16.	Бара од мене строго да се придржувам до правилата.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
17.	Малку разговара со мене.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
18.	Ме опкружува со топлина и доверба.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
19.	Сака да ги знае моите најскриени мисли.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
20.	Кога сум во незгода можам да се потпрам на него/неа.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
21.	Моето мислење за него/неа не е битно.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
22.	Не ми поставува премногу строги барања.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
23.	Знае и физички да ме казни.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
24.	Во секој момент мора да знае каде сум.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
25.	Кога постапува со мене на одреден начин ми ја објаснува причината.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5

26.	Често имам впечаток дека моите проблеми не го/ја допираат особено.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
27.	Ми дава чувство на сигурност.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
28.	Знае да биде толерантен/толерантна спрема моите грешки.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
29.	Ме опкружува со многу љубов.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
30.	Правилата и забраните ги става во прв план.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
31.	Ми допушта сам/а да донесам одлуки за тоа како ќе се однесувам.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
32.	Ме кочи.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
33.	Кога нешто ќе згрешам, се обидува да најде оправдување за моето однесување.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
34.	Често ми помага со некој добар совет.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
35.	Ретко ме пофалува.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
36.	И кога имам поинаков став слободно можам да го искажам.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
37.	Се однесува спрема мене претежно одбивно и раздразливо.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
38.	Не поставува многу правила до кои треба да се придржувам.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
39.	Моите постапки ги вреднува, пред сѐ, дали се во склад со поставените правила.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
40.	Спрема мене обично е ладен/на и дистанциран/на.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
41.	Ретко ме казнува.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
42.	Ретко ми објаснува зошто постапува на одреден начин.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5

43.	Ме прифаќа и кога во нешто сум неуспешен/на.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
44.	Ми наметнува многу правила и забрани.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5

КУПЕР-СМИТОВ ИНВЕНТАР

Човекот најдобро се познава самиот себе си. Тој за себе знае и некои работи што другите не можат да ги согледаат.

Овде е даден извесен број тврдења кои за некого можат да бидат точни или неточни. Внимателно прочитајте го секое тврдење и доколку сметате дека тоа се однесува на Вас заокружете ДА до соодветниот реден број на тврдењето, а доколку тврдењето не се однесува на Вас, заокружете НЕ.

Ве молиме внимавајте да не прескокнете некое прашање.

1.	Многу време поминувам во мечтаење.	ДА	НЕ
2.	Многу сум сигурен/сигурна во себе.	ДА	НЕ
3.	Лесно ги засакувам другите.	ДА	НЕ
4.	Моите родители и јас другаруваме.	ДА	НЕ
5.	Би сакал/а да сум помлад/а.	ДА	НЕ
6.	Можам да се решам на нешто без многу тешкотии.	ДА	НЕ
7.	Дома лесно се налутувам.	ДА	НЕ
8.	Се гордеам со својот успех во училиштето.	ДА	НЕ
9.	Секогаш некој треба да ми каже што треба да сторам.	ДА	НЕ
10.	Ми треба многу време да се навикнам на нешто ново.	ДА	НЕ
11.	Често жалам поради она што сум го сторил/а.	ДА	НЕ
12.	Омилен/а сум меѓу другарите/другарките.	ДА	НЕ
13.	Родителите обично го земаат предвид и моето мислење.	ДА	НЕ
14.	Јас многу лесно се согласувам со нешто.	ДА	НЕ
15.	Можам да се грижам за себе си.	ДА	НЕ
16.	Јас повеќе сакам да се дружам со помлади од себе.	ДА	НЕ
17.	Родителите премногу очекуваат од мене.	ДА	НЕ
18.	Сакам да бидам прозван/а на час.	ДА	НЕ
19.	Можам да се разберам себе си.	ДА	НЕ

20.	Тешко е да бидеш таков/таква каков/каква што сум јас.	ДА	НЕ
21.	Другарите/другарките обично ги прифаќаат моите идеи (предлози).	ДА	НЕ
22.	Дома никој не ми обрнува доволно внимание.	ДА	НЕ
23.	Во училиштето не постигнувам успех каков што би сакал/а.	ДА	НЕ
24.	Можам да се решам за нешто и од тоа да не отстапувам.	ДА	НЕ
25.	Имам лошо мислење за себе.	ДА	НЕ
26.	Не сакам да сум со други.	ДА	НЕ
27.	Многу пати посакувам да заминам од дома.	ДА	НЕ
28.	Во училиштето често се чувствувам вознемирен/а.	ДА	НЕ
29.	Често се срамам од себе си.	ДА	НЕ
30.	Јас не изгледам толку убаво како повеќето други.	ДА	НЕ
31.	Кога имам нешто да кажам тоа обично и го кажувам.	ДА	НЕ
32.	Другарите (соучениците) често ме задеваат.	ДА	НЕ
33.	Родителите имаат разбирање за мене.	ДА	НЕ
34.	Наставниците кон мене се однесуваат така што помислувам дека не сум доволно добар/добра.	ДА	НЕ
35.	Лесно се возбудувам кога некој ќе ме искара.	ДА	НЕ
36.	Другите повеќе ги сакаат од мене.	ДА	НЕ
37.	Чувствувам дека родителите ме избегнуваат.	ДА	НЕ
38.	Често сум обесхрабрен/а во училиштето.	ДА	НЕ
39.	Работите обично не ме секираат.	ДА	НЕ
40.	Јас често не го исполнувам ветувањето.	ДА	НЕ
41.	Често посакувам да сум некој друг.	ДА	НЕ
42.	Тешко ми е да одговарам пред целиот клас.	ДА	НЕ
43.	Јас сум прилично среќен/среќна.	ДА	НЕ
44.	Јас сум слаб ученик.	ДА	НЕ
45.	Многу е интересно да се биде со мене.	ДА	НЕ
46.	Кај мене има многу работи што би сакал/а да ги изменам ако можам.	ДА	НЕ